## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 октомври 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,12 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме по 27-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мендух Тачи, Арбен Џафери, Лилјана Поповска, Иван Стоиљковиќ и Али Ахмети ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по втората точка од дневниот ред - Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот член 2 за менување на новиот став 3, поднесен од пратениците Имер Алиу, Мерал Узеири-Ферати, Садие Илјази, Бесим Догани и Флора Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски**: Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не е прифатен.

Процедурално има господинот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** Ви благодарам господине претседател, почитувани пратеници, почитуван господин министер, мислам дека во оваа ситуација е потребно едно објаснување од наша страна што се однесува на овој амандман и на следните предложени амандмани од страна на Демократската партија на Албанците. Претходно пред јавноста треба да се објасни што навистина содржи овој амандман. Значи, се работи за процентот плус, минус 3% од бројот на избирачи по избирачките единици. Значи, колку може да се движи тој број на избирачи, или гласачи во изборните единици. Факт е дека во некои изборни единици, конкретно во изборната единица број 6 и број 2, бројот на гласачите во текот на последните години е доста зголемен. Така што ние проценивме дека оваа бројка, или пак распределбата на гласачите по изборните единици треба да се урамнотежи. Токму поради ова беше и нашата амандманска интервенција со овој и со следните амандмани. Меѓутоа, исто така е неоспорен факт дека од страна на другите политички партии во Парламентот овие наши предлози не беа прифатени со оправдание, или образложение дека ова не е дел од договорот. Меѓутоа, исто така е неоспорен факт дека за ова прашање на средбата на лидерите не се постигна договор значи, не се постигна договор процентот од 3 да се зголеми на 5% за да може да варира бројот на гласачи по изборни единици. Настојувањето на некои фактори на Демократската партија на Албанците да и се фрли на врат меѓународниот фактор и со ова и вината за негласањето или пак за неконструктивноста во Парламентот во однос на Изборниот законик е во најмала мера аморалност. Токму од овој аспект ќе го спомнам и ставот на Демократската унија за интеграција, со недавањето на подршка за овој амандман и за оваа иницијатива од страна на Демократската партија на Албанците, значи да објаснам, ДПА заради конструктивноста ќе ги повлече овие предложени амандмани, меѓутоа, со услов оваа значајна тема според наше мислење колку што е можно побрзо да се отвори на средба на лидерите и да се најде долгорочно решение што се однесува на распределбата или пак бројот на бирачи по изборни единици и промена на границите на изборните единици.

**Трајко Вељаноски:** Јас како што слушнав од преводот, дали ги повлекувате, или ќе ги повлечете?

**Имер Алиу:** Ги повлекуваме.

**Трајко Вељаноски:** Значи овој и другите амандмани што се поднесени.

Процедурално бара господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван претседателе. Мојата интервенција е во однос на фактот дека координаторот на ДПА го искористи моментов да не говори за прашањето во однос на амандманот кој го повлекува и да пласира една невистина и верувам дека тој треба да биде свесен со тоа што го искажа. Јас ќе му реплицирам остро во насока на тоа дека не е вистина воопшто тоа што го вели дека немаше подршка за прашањето на плус 3%, минус 3%. Тој треба да каже и да докаже дека на местото каде што јас ја дадов подршката на овој амандман, тој го знае тоа сосема добро.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот на член 2 за менување на новиот став 3, поднесен од пратениците Имер Алиу, Мерал Узеири-Ферати, Садие Илјази, Бесим Догани и Флора Кадриу е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 40 за додавање ...

Господине Имер Алиу процедурално си го кажавте вашето.

После отворање на претрес по амандманот можете да побарате процедурално.

Отворам претрес по амандманот на член 40 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Тито Петковски, Соња Мираковска и Горан Мисовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски**: Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Процедурално има господинот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** Благодарам господине претседател,

Мислам дека целта што ја постигнав е дека претставникот на ДУИ излезе и кажа невистина. Вистината е дека подршката на другите партии освен ДУИ, значи другите партии кои што учествуваа на средбата на лидерите беше подршка за 3%, значи да остане тој процент, меѓутоа да не се менуваат границите на изборните единици. Која ќе беше целта на останувањето на 3%, а да не се менуваат границата на изборните единици. Меѓутоа, ова воопшто не ме чуди, затоа што ...

Да завршам претседателе.

**Трајко Вељаноски:** Завршете, само немојте да отворате дебата за нешто што е повлечено.

**Имер Алиу:** Значи, кај народот оваа измама од страна на ДУИ е голема и за нас воопшто не претставува чудо ова што се случува сега со ДУИ, затоа што јас јавно ќе ги прашам, каде е нивниот пратеник, каде е јазикот, албанското знаме.

**Трајко Вељаноски:** Заврши процедуралното.

Госпоѓица Ермира Мехмети нема право на процедурално.

Процедурално има господиниот Тахир Хани.

Ве молам, навистина да биде процедурално, инаку ќе го применам строго Деловникот, ќе продолжиме понатаму со претресот по амандманот.

Повелете вашите три минути.

**Тахир Хани:** Почитуван претседателе, уште еднаш ќе интервенирам дека координаторот на ДПА ја злоупотреби позицијата на координатор и интервенирајќи процедурално дава суд за кој јас сакам да интервенирам. Прво, тој треба да биде конструктивен во неговите зборови и треба да одговара директно за тоа што го искажува. На координација знае кој беше ставот на координаторот на ДУИ. И нека ја каже вистината кој беше тој став?

**Трајко Вељаноски:** Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот, да се пријаваат за збор.

Има збор господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам господине претседател, почитувани колеги и господине министер.

Јас навистина сакав да слушнам барем еден аргумент зошто го одбивате овој амандман. Имено, ако оние амандмани за кои што вчера разговаравме може да бидат и предмет на политички договор меѓу политичките партии. Прашање на политичка проценка е да речеме, дали изборната единица ќе биде плус 5%, или 3% зголемена со можност дали ќе имаме една, или две изборни единици. Меѓутоа, овде се работи за едно од клучните прашања со кое што ние се соочуваме како држава во изминатите можеби 17, 18 години. Имено, на сите ни е познато дека најголемите проблеми и основниот проблем на корупцијата кога станува збор за корупцијата лежи токму во парите кои што политичките партии ги трошат за време на изборите. И овој амандман оди директно во функција на спречување на корупцијата. Ако сакаме како што декларативно говориме ефикасно да се бориме против корупцијата, мора да најдеме механизам како да ја спречиме корупцијата. Овој амандман оди во прилог на заложбата декларирана јавно на сите политички партии, дека ќе ги затвориме сите вентили за корупција при изборите, а дека енергично ќе се бориме доколку тоа се злоупотребува. Постојното законско решение особено измените што се направени сега со овој закон не го решаваат проблемот на трошење на пари на политичките партии без никаква контрола. Факт е после секои избори Државниот ревизор информира за многу трошење на пари од страна на политичките партии, но за тоа никој не одговара. Некаде во многу демократски земји за да се дојде до едно ниво на демократски избори, чесни, парите се контролираат мошне ригорозно. Дури има закана за оние кои што ќе го пречекорат дозволеното ниво на средства да ги трошат за кампања за изборите да им се одземе можноста, мандат да состават влада, па дури и до кривично дело. Имено, овој амандман сака да стави ред токму во трошењето на парите. Ние предлагаме како пратеници веднаш после изборите финансискиот извештај да се достави до Собранието, а се разбира да нема никаква отворена можност после тоа да се става пари да легнуваат на сметка на политичките партии. Значи, веднаш после изборите политичките партии имаат обврска да го достават финансискиот извештај и тој мора да се затвори истиот момент. Зошто? Две се основните причини. Првата причина е што Државниот ревизор нема да биде во состојба да ги контролира дополнително парите што ќе легнат на сметка на политичките партии. Второ, што е многу побитно, апсолутно никој не може да ме убеди во спротивното, дека создавањето можност сметката да биде отворена на политичките партии и понатаму и по доставувањето на финансискиот извештај дури и како што е наша пракса до донесувањето на одлуката за распоредување на средства меѓу политичките партии како резултат на изборите за изборниот успех апсолутно за мене не значи ништо друго освен легализација на рекет. Тоа е државен рекет. Од едноставна причина што откако ќе се знае, граѓаните, поединци, акционерски друштва, приватници итн, веќе ќе имаат информација кој ја прави Владата, веќе ќе имаат информации која партија победила на

изборите. Ве молам, кажете ми кој може да го одбие притисокот на победничката политичка партија на изборите да не депонира средства на сметката на политичката партија што победила, што ги добила изборите. Ако се затвори сметката истиот момент, а смислата на финансискиот извештај на политичките партии е да се види токму колку пари потрошиле за време на кампањата, а не и после тоа. Нашата пракса претпоставува дека не постои никаде на друго место што сум имал можност тоа да го консултирам во врска со компаративните политички системи. Затоа сметаме дека со овој амандман мислам дека овој амандман заслужува малку ако треба и да направите консултации со Владата, внесува ред во финансирањето на политичките партии и спречува корупција при изборите односно најголемиот извор на корупција во државата се токму парите што се трошат за време на изборните кампањи. Немојте да ми замерите, меѓутоа од каде толку пари демонстрира да речеме еве сега актуелната власт ВМРО-ДПМНЕ со дневни огласи во весниците, електронските медиуми, не го говорам за државните, за кампањите, говорам за потребите на партијата, за кадровски потреби, па промоција на некои идеи на партијата, партиски како ВМРО-ДПМНЕ. Ќе речете од членарината. Баш би сакал да го видам тоа во извештајот на Државниот ревизор дека тие пари се од членарината на членовите на ВМРО-ДПМНЕ. Значи, таа работа не стои. Затоа сакав да ве замолам на овој амандман да обрнете сериозно внимание, ако решивме да се бориме против корупцијата и криминалот, дајте да создадеме инструмент да создадеме механизам тоа да го контролираме. Немој да ми речете дека не може, не постои шанса партиите кои што треба да добијат пари после изборите како резултат на добиени гласови, не можат да ги добијат своите средства. Не случајно ние формираме сметка единствено за водење на кампања пред изборите. Ја отвораат политичките партии пред изборите сметката и ја затвораат односно треба да ја затворат веднаш после изборите за да може Државниот ревизор да има увид како се потрошени тие пари, а не дополнително отворено до донесувањето на одлуката кога сосема е јасно кој е победник и како може да се врши притисок врз поединците и фирмите за да депонираат пари на сметката на политичката партија. Ќе речете дека не постои начин тоа да се регулира. Никаде во законот не стои дека средствата што ги добива од политичките партии не можат да се депонираат на редовната сметка на партиите, а не само на она што е отворено за време на изборната кампања. Сметам дека ова е сериозен вентил за корупција, за продолжување на корупцијата во Република Македонија. А доколку се договориме да се прифати овој амандман, тоа значи ставање ред, значи, веднаш после изборите сметката која што политичките партии ја имаат отворено за кампањата се затвора, се доставува до Државниот ревозор, до Антикорупциската комисија и до сите други институции и тие си ја вршат својата работа понатаму. Вака нема да бидат во состојба, ќе ни се повторува она што ни се случува и сега, ќе даваат тие дополнително извештај, мислам Државниот ревизор, никој нема тоа да го почитува, нема да ги контролира никој политичките партии како ги трошат парите, а ние ќе си говориме и понатаму дека имаме ефикасна борба против корупцијата. Затоа ве молам, ако треба погледнете уште еднаш во контекстот на целиот член, па ако сакате и членовите кои го уредуваат финансирањето на политичките партии дека е неопходна ваква интервенција во законот.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Господине претседателе и почитувани пратеници.

Изборниот законик во членот 71 го уредува прашањето во врска со отворањето на жиро сметка за изборна кампања, со тоа што во рок од 48 часа треба да се отвори таа жиро сметка, да се достави доказ итн. Значи, во шест става Изборниот законик тоа прашање го уредува. Во ставот 6 на членот 71 го уредува прашањето и за затворањето на жиро сметката. Тоа значи дека откако ќе бидат исплатени средствата од Буџетот на Република Македонија, жиро сметката од ставот 1, која што треба да биде отворена, се затвора и на тој начин се уредува ова прашање. Ако се прифати овој амандман, тоа значи дека треба да има две жиро сметки, една жиро сметка која што ќе се затвори, како што предлага во амандманот пратеникот Петковски, а другата сметка би останала во ставот 6 која што исто така би значела сметка каде што треба да бидат уплатени средствата. Мислам дека Државниот завод за ревизија сега со Изборниот законик добива нови ингеренции и нови надлежности и мислам дека опасноста од одредени злоупотреби, или опасноста од корупција на овој начин со ингеренциите на Државниот завод за ревизија се отстранува.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Петковски Тито.

**Тито Петковски:** Токму во тоа е проблемот господине министер, не смее да се дозволи сметката која што е наменски отворена за изборите за кампањата да биде отворена до исплатата на средства со одлука на Собранието. Тогаш точно ќе се знае кој победил на изборите и може да се случи многу повеќе средства да легнат на таа сметка после изборите, отколку што политичките партии имале шанса тоа да го направат за време на изборите односно пред почетокот на изборната кампања. Едноставно овој амандман претпоставува домаќинско однесување, исто како што се однесуваме дома. Ќе трошиме онолку пари колку што имаме на располагање, колку што заработуваме. Партиите секогаш трошат многу повеќе средства, а после на несоодветен начин го надоместуваат. Мислам дека тоа е рекет, за мене не постои друг термин.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, коснтатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од нив за амандманот гласаа 7 пратеници, воздржани нема, против гласаа 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 40 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Тито Петковски, Соња Мираковска и Горан Мисовски.

Отворам претрес по амандманот на член 48 став 3 и за менување на став 6 поднесен од пратениците Тито Петковски, Соња Мираковска и Горан Мисовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа амандманот од следните причини.

Прво, во членот 48 ставот 6 од Изборниот законик Државниот завод за ревизија сега добива нови ингиренции, нови надлежности, со тоа што се утврдува во ставот 6 дека до колку Државниот завод за ревизиј аутврди неправилности во финансискиот извештај на организаторот на изборната кампања, ќе ги извести надлежните органи заради поведување на соодветна постапка. Ние во една фаза размислувавме за тоа да му дадеме ингиренции на Државниот завод за ревизија да може да поднесе и кривична приајва,  да може да поднесе и прекршочна пријава, меѓутоа тоа се коси со основниот закон за Законот на Заводот за државната ревизија, бидјеки во тој Закон нема такви ингиренции и овластувања, меѓутоа ова овластување сега што е содржано во Изборниот законик практично значи обврска на Државниот завод за ревизија да го извести надлежниот орган,а тоа  известување практично значи иницијатива за поведување на соодветна постапка во врска со утврдените неправилности во финансиското работење. Од тие причини овој амандман не го прифаќаме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јави и има збор господинот Петковски Тито, Повелете.

**Тито Петковски:** почитувани колеги, јас навистина не сум оптимист дека ние сега нешто ќе промениме од нашата досегашна пракса. Мислам дека само легализираме една постојана пракса на несоодветно, јас би рекол недомаќинско работење и никаква одговорност за трошењето на државните пари. Министерот кажа се што има надлежност државниот ревизор. Па и до сега државниот ревизор не е спорно тој извештаите ги доставува освен на својата веб страница, ги доставува за Јавното обвинителство, Антикорупциската комисија и т.н. Дали некој во досегашниот тек, еве на нашиот парламентарен живот некоја политичка партија, многу беа посочувани за недомаќинско трошење на пари. Многу повеќе отколку што објективно има, па дали некој одговараше. И таа пракса продолжува и натаму. Значи, ние со овој закон не можеме да спречиме постојната лоша пракса во Република Македонија да се трошат многу пари за изборите, а никој за тоа да не одговара. Ако веќе има толку ингиренции државниот ревизор, што смета да му дадеме можност, да му дадеме право со законот за партиите, бидејќи тој го доставува извештајот и до Собранието, ние никогаш не го расправаме тоа. Зошто смета да му дадеме овластување со законот на политичките партии кај кои што државниот ревизор нашол дека има противзакони или недокажани профити стекнати за изборите да може барем да ги скрати средствата што ги распределува Собранието со одлуката за добиен глас во Парламентот. Не знам зошто е тоа толку тешко да му кажеме дека државниот ревизор покрај сите права што ги има има можност да му предложи на Собранието за таа и таа политичка партија која што не го докажала изворот потеклото на средствата за финансирање на кампањата, нема да и се доделат средства со одлуката на Собранието односно нема да и се исплатат, нема да им се предадат на сметка. Толку ли е тешко. Значи, не го сакаме ни тоа. Ние како политички партии се согласуваме и понатаму да биде тоа една тајна сфера, тоа апсолутно да не биде достапно за никого, нема да сносиме никаква одговорност како политичари и политички партии, е, кажете ми како ќе бараме ние одговорност со другите субјекти во системот, особено за корупцијата. Како ќе се бориме против корупцијата ако ние ја легализираме, ние го легализираме и рекетот и корупцијата, само да ни биде нас добро како политички партии. Мислам дека ако ништо друго најбенигно треба да му дадеме шанса барем кога го доставува извештајот во Собранието на државниот ревизор д аможе да предложи на таа и таа политичка партија да не и се исплаќаат средства.  Јас не знам што е тоа толку тешко да го прифатиме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за амандманот гласаа 6 пратеници, воздржани нема, против гласаа 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 48 став 3 и за менување на

став 6 поднесен од пратениците Тито Петковски, Соња Мираковска и Горан Мисовски.

Продолжуваме понатаму.

Констатирам дека амандманот на член 175 табеларен дел во изборна единица 4 и во изборна единица 5 поднесен од пратениците Имер Алиу, Бесим Догани, Мераљ Узаири Ферати, Даут Реџепи, Флора Кадриу и Салие Илјази е повлечен.

Констатирам исто така дека амандманот на член 175 табеларен дел во изборна единица 5 и во изборна единица 6 поднесен од пратениците Имер Алиу, Бесим Догани, Мерал Узаири Ферати, Даут Реџепи, Флора Кадриу и Салие Илјази е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 175 табеларен дел во изборна единица 5 и во изборна единица 6 поднесен од пратениците Имер Алиу, Бесим Догани, Мераљ Узаири Ферати, Даут Реџепи, Флора Кадриу и Салие Илјази е повлечен.

Во меѓувреме пратениците Силвана Бонева и Јани Макрадули, Сафет Незири, Андреј Жерновски и Имер Алију поднесоа амандмани за додавање нов член 5-а по членот 5 и на член 6 став 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а по членот 5 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Јани Макрадули, Сафет Незири, Андреј Жерновски и Имер Алију .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Владата го прифаќа и овој амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен.

Амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Јани Макрадули, Сафет Незири, Андреј Жерновски и Имер Алију.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседателе.

Владата го прифаќа и овој амандман.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен.

Амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија господинот Манасиевски Јован, госпоѓицата Мехмети Ермира, господинот Жерновски Андреј, минситерот за правда, госпоЃата иванова Цветанка, господинот Петковски Тито, господинот Незири Сафет, госпоѓата Топузова Каревска Роза, господианот Трајанов Павле, господинот Николовски Александар, господианот Шутаров Васко, госпоЃата Шекеринска Радмила, господинот Петров Андреј, господинот Димовски Илија и господинот Петрески Зоран. Тука е листата на пријавени.

Има збор господинот Манасиевски Јован, повелете.

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине претседателе.

За жал, во овие изминати два дена слободно можеме да коснтатираме дека Собранието падна на испитот дека со овие измени и дополнувања на Изборниот законик, за жал, не правиме ниту еден крупен чекор напред, истовремено враќајки се неколку крупни чекори назад. Овој Изборен законик многу мал број на проблеми до сега евидентирани ќе реши, а напротив создава многу нови проблеми.  И, се плашам дека ако ја разгледуваме само нормативната рамка со овие измени и дополнувања на Законот ние создаваме полоши услови за одвивање на изборите, отколку до сега постоечките.

Се разбира основен проблем процедурален беше што овој закон се носи по итна постапка во консултации кои што беа извршени зад затворени врати меѓу четирите лидери, од кои што видовме дека меѓу време имаше иоткажување на некои од учесниците во таа постапка. Она што е најзначајно оваа дебата покажа дека Собранието го отфрли секој обид за конструктивен придонес. Она што имавме прилика да видиме во овие два дена во Собранието беше една гилотиња на добри идеи, гилотиња на конструктивни предлози и апсолутна победа на партиското послушништво и она што го договориле лидерите без разлика на тоа што јасно покажува расправата дека тоа што го договориле во многу случаи е погрешно и контрапродуктивно. Тоа секако не не води во посакуваната насока.

Дозвоелте ми да искажам жалење за неколку најкрупни работи кои што Собранието ги верифицира со оваа расправа. Парлламентот дозволи и охрабри пратениците да имаат два пасоши. Оваа расправа покажа, за жал, дека пратениците немаат доблест да проговорат отворено за проблем кој што го имаме, за тоа што повеќе наши колеги имаат двојни апсошии за тоа што значи тоа за политичкиот систем и за стабилноста на институциите и за дигнитетот на ова Собрание.  Наспроти големата подршка што овој предлог ја ужива кај граѓаните, пратениците се определија на ова крупно прашање да го игнорираат мислењето на граѓаните и дури слушнавме дискусии дека прашањето, замислете, не било релевантно. Некои пратеници не убедуваа дека ова прашање не е релевантно. Значи, дали ние како членови на највисокиот

законодавен дом ќе имаме два пасоши, тоа не било релевантно.

Драги колеги, тоа е едно од клучните прашања што ни обезбедува легитимитет и кредибилитет. Ние сме избрани тука од граѓаните и граѓаните јасно го изразија својот став дека сакаат пратеници со едно државјанство, со една лојалност. Која порака овој Парламент ја испрати со оваа расправа дека не само што не му пречи што има пратеници со два пасоши, туку дефакто од оваа расправа произлезе дека се охрабруваат пратениците да имаат два пасоши. Ако не санкционирате нешто што е забележано како проблем, тоа значи дека го охрабрувате.

Јас само се надевам дека нема во скорашен период да дојдеме до еден апсурд да се основа пратеничка група на луѓе со двојни пасоши во овој Парламент. И, навистина ми е жал што големото мнозинство на пратеници што имаат смао македонски пасош не смогна сили да се дистанцира од оние неколкумина што имаат два пасоши и што го кријат тој факт.

Слушнавме и многу интересни тези дека всушност поседувањето на два пасоши не само што не му пречи на очекуваниот патриотизам, туку напротив дека и му користи. Јас побарав образложение за оваа теза, не ја чув, слушнав извртување на тезите дека наводно со овие рпедлози се ограничувале правата и слободите на граѓаните. Ве молам, драги колеги, тие демагогии оставете ги настрана. Од два милиони Македонци државјани на Република Македонија само 12о од нив ја имаат привилегијата да бидат членови на овој Парламенто, да му служат на народот. Воопшто не е во ред за нив да не применуваме постри стандарди. Навистина, не ми е јасно како го донесовме Законот за лустрација за кој што се бара дополнителен услов, што беше добар потег, а сега не сме во состојба да додадеме, да воведеме уште еден дополнителен услов.

За жал,паднавме на овој суштински испит и тоа ќе биде голема дамка на овој Парламент. Јас искрено да ви кажам од тој факт се срамам.

Понатаму, овој Парламент со оваа расправа дозволи зголемување на бројот на пратеници, повторно наспроти сите барања на граѓаните и наспроти сите експертски анализи. Јас во својата дискусија укажав дека македонскиот Парламент е најгломазен Парламент во Европа компарирано број на жители, број на гласачи, со број на пратеници ние сме најголем европски Парламент. Од каде ја вадиме оправданоста за тој факт,од никаде. Ниту еден аргумент нема. Освен тоа што го зголемуваме бројот на пратениците, наместо да го намалуваме, ги зголемуваме и трошоците. Новите три пратенички места на пратениците од дијаспората објаснив дека ќе значат трошковно трошоци колку за 40 пратеници во сегашниов Парламент. И, тоа за жал, никој ниту од Владата, ниту од пратениците кои што го подржаа овој закон не сака да го признае. Меѓутоа, ќе дојде Буџетот за 2009 година, ќе го видиме тоа јасно, ќе го покажат пресметките на Министерството за финансии. Значи, апсолутно се немаше никакво чувство за вкупната економска состојба за барањата на граѓаните и се оди на зголемвуање на Парламентот.

Апсолутно се немаше никакво чувство за вкупната економска состојба, за барањата на граѓаните и се оди на зголемување на Парламентот.

Се немаше чувство ниту за уште еден многу конструктивен, демократски предлог, воведување на подвижни или нефиксни листи. Со отфрлањето на овој предлог се покажа дека мислењето и гласот на граѓанинот за мнозинството пратеници тука не значи ништо. Дека и понатаму суверени во изборот на пратеници остануваат партиските лидери и партиските врхушки. На граѓаните им се одзема правото тие да го определат редоследот на пратеници на листата, а со тоа и составот на идниот Парламент.

И она што е најстрашно и најопасно, со овие измени на Изборниот законик повторно ги враќаме партиските критериуми на сите нивоа во изведување на изборнот процес. Од Избирачкито одбор до Државната изборна комисија. Правиме целосна партизација на системот. Тоа е целосно погрешна насока, тоа е насока што со ниту едно можно толкување, колку и да е креативно, не не носи напред. Од Државната изборна комисија правиме друштво на партиски војници, на слепи партиски послушници кои пред да носат одлуки редовно ќе се консултираат со партиските лидери и на тој начин ќе ја загрозат непристрасноста на изборниот процес. Во избирачките одбори правиме уште поголем пропуст. Сите оние кои правеа проблеми, правеа инциденти, сега ги правиме де факто формално учесници во изборниот процес и им даваме клучно место да ги заплашуваат членовите на избирачките одбори и државната администрација и да го контаминираат изборниот процес.

Оттаму, овој Изборен законик не заслужува поддршка и ќе гласаме против. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Трајанов Павле, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, мислам дека е сосема јасно и извесно дека се повторува вчерашната дискусија во Парламентот, затоа што проценила ЛДП дека на овој начин ќе го подига рејтингот, развивајќи едни тези крајно опасни и неприфатливи за една демократска држава, која што настојува да биде дел од европското семејство.

Тезите околу двојното државјанство апсолутно не се издржани. Тие се блиску до расизам. Дамо да го потсетам господинот Манасијевски, пред распадот на Југославија имаше околу 750-800 илјади мешани бракови во Југославија. Дел од тие бракови се во Република Македонија. Замислете сега, ако било кој од овој Парламент или во државата во целина има мајка Словенка,

Црногорка, Србинка или татко, и ако по тој основ се стекнал со државјанство, дали тој е помал патриот од господинот Манасијевски?

Мислам дека тие тези апсолутно не држат. Можеби се сега прифатливи за граѓаните, особено ако се знае дека голем број на граѓани, што јас не ги оправдувам, меѓутоа беа принудени тоа да го прават, да пишуваат дека се со бугарски корени за да добијат пасош од Бугарија за слободно да патуваат во Европската унија. Меѓу нив, се разбира и некои од врвните политичари, дури и министри итн од поранешните влади. Тоа е сосема друго прашање. Тука околу тоа може да разговараме да ги судиме, меѓутоа ако сакаме нашите граѓани да не земаат странски туѓи пасоши, бугарски, тогаш треба да направиме се да се обезбеди слободно патување на нашите граѓани без шенген визи итн.

Повторното и упорно промовирање на една ваква теза дека ако има некој, и тоа зборуваме ние за двојно државјанство, не зборуваме за два пасоши, бидејќи човек може да има по разни основи и друго државјанство, а не значи дека има два пасоши итн, па резервниот пасош ќе го користи за да избега тогаш кога, да речеме, ќе се поведе некоја постапка против него.

Ове тези се добри за научна, теоретска расправа, за политички маркетинг во некоја политичка кампања, но овде во Парламентот такви тези да бидат промовирани и упорно да се натстојува над тие тези, јас мислам дека е целосно погрешно и штетно за целата Република Македонија, независно дали е тое приемливо сега да го слушаат граѓаните, бидејќи работите се изместуваат сосема поинаку отколку што е состојбата во Република Македонија, па и во овој Парламент. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика има збор господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Па во неможност да се најдат аргументи, гледаме се измислуваат аргументи.

Господине Трајанов,

Проверете ги компаративните податоци. Повеќето од половината земји членки на Европската унија не дозволуваат двојно државјанство. Не само за функционерите, туку и за своите граѓани. Според вашето креативно толкување половина од Европската унија е расистичка и мислам дека се ступидни тезите што ги пројавувате тука дека го мешате државјанството со етничката припадност. Многумина од нашите граѓани имаат различна етничка припадност, меѓутоа државјанство е нешто друго господине Трајанов. Два пасоша човек има ако има резервна татковина, а пратениците министрите, премиерот, претседателот не смеат да имаат резервна татковина.

И, не ми одговоривте, дали се срамите што бевте министер во Влада на премиер со бугарско државјанство? Го чекам одговорот, благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓата Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе,

Навистина, ваквите тези на господинот Манасијевски предизвикуваат револт, според мене, заради тоа што јас по род сум Македонка, многу геренерации и по мајка и по татко. Меѓутоа, моите деца се по род и Македонци и Срби. Ако во таа нивна резервна татковина, како што ја кажувате, се стекнат со право на двојно државјанство, тоа значи според вас дека нема да бидат лојални на Република Македонија моите деца? Вие сте поголем патриота од нив? Не господине Манасијевски. Нема да бидете ни поголем патриота од нив, ни повеќе лојален. И, ако случајно дојде на некоја од овие функции што вие велите дека треба само по род Македонци да ја имаат, тоа нема да биде ниту праведно, ниту точно.

И уште нешто ќе ви кажам. Македонските интереси, за македонското име и за нашата уставна состојба во која се наоѓаме денеска, што вие ја заговарате дека треба да се промени, ас Македонци ни ја направија во Обединетите нации. Колку што знам јас ниту еден не беше од тие луѓе кои предложија да се викаме БЈРМ.

Тоа значи дека се губат сите тези во кои вие кажувате дека ако некој има двојно државјанство, ќе биде патриота или не знам што ќе биде. Навистина ступидни идеи што немаат крај, што ќе предизвикаат револт кај заедниците што имаат и мешани бракови. Значи, може и така да се гледа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Очигледен е недостатокот на аргументи и употребувањето на крајно смешната конструкција на наводни аргументи.

Госпоѓо Авировиќ, според вашите толкувања и на господинот Павле Трајанов, повеќето од половина земји на Европската унија се расистички? Тогаш можеби треба да ја ревидираме нашата политика?

Па ве молам, Сојузна Република Германија е демократска држава или не? Според вашето толкување Сојузна Република Германија е расистичка држава.

Јас, навистина немам што друго да додадам освен дека за жал, во Парламентот имаме пратеници кои воопшто не ги интересира што се случува во Европската унија и што се случува во светот. Воопшто не ги интересира заштитата на државните интереси.

Па, ве молам, се бориме за македонскиот јазик во преговорите. Па, премиер со двојно државјанство потпишал во 1999 година Спогодба со Бугарија каде што не постои македонски јазик. Не ви е ли тоа доволен наук? И, даваме подршка, за жал, на

таквите политики. Со ова гласање денеска даваме поддршка на таквите политичари како Љубчо Георгиевски.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам претседателе.

Почитувани претставници на Министерството за правда, почитувани колеги,

За жал, меѓу нас пратениците има и такви на кои им е побитно мнението на Европската унија отколку на нашата, домашна, сопствена јавност. Газењето по удобните теписи на Европската унија навистина ги има направено толку комотни да просто забораваат на тврдокорниот терен на кој што газат во својата земја.

Оваа наметната дилема, патриоти или сихофанти, уште од антички времиња е навистина многу несмасна и многу непринципиелна почитувани колеги од ЛДП.

Овие измени и дополнувања на Изборниот законик знаете дека не се Вавилонска кула на која што може да се стави било каква карта со нови желби.

Освен принципиелните барања за измени и дополнувања, што се еден од критериумите за наш прием во Европската унија, вие наметнавте одредени дилеми што навистина се толку сензибилни, така што во овој краток период до локалните и претседателски избори, навистина сметам дека тешко ќе можеме да ги изгладиме.

Од неколкуте отровни тези што ги пуштивте завчера и вчера би издвоил две бенигни што се поткраднаа сега во вашето излагање.

Имено, во 2009 година, како претседател на Комисијата за финансирање и буџет очекувате поголема ставка во делот за надворешна политика, од причини што очкувате дека дијаспората догодина ќе гласа? Во измените и дополнувањата таков предвид не е предвиден. Дијаспората, догодина, на претседателските и локалните нема да гласа. А, сигурно ќе има зголемување на ставката за финансирање во делот за надворешна политика, заради тоа што оваа Влада вложува и во инвестиционо-капитални објекти, во ДКП-а и кадровски ги екипира. Од тие причини веројатно како претседател на Комисијата ќе се соочите со поголема ставка.

Уште едно бенигно прашање од оние што ги наметнавте, не фиксните места по изборните единици. Претпоставувам дека сте инспирирани од ирскиот модел и претпоставувам дека знаете Република Ирска го воведе овој процес, ќе ми ги кажете ли причините и применливоста на тој систем во политичкото милје на Република Македонија? Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе,

Благодарам господине Шутаров на репликата, конструктивна. Меѓутоа, ќе остане фактот забележан дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ гласале пратениците и во иднина да имаат можност да имаат два пасоша.

Бидејќи вие се фалите со патриотизам, јас сметам дека е непристојно било кој да се фали, вие се фалите со патриотизам, целата кампања на овие избори ви беше во знакот на патриотизам, тогаш ве потсетувам и ве прашувам каде во изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ, на која страница пишува дека ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага пратениците да имаат два пасоши. Ве молам, објаснете, јас тоа не го гледам, на која страница од Програмата на ВМРО-ДПМНЕ се наоѓа тој став. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Со задоволство ќе реплицирам на колегата Јован Манасијевски, не влегувајќи во замката некој да тврди дека репликата е ступидна или тоа ќе биде бедна политичка дебата.

Мислам дека е ова сериозна расправа и без многу жар треба да ги погледнеме компаративните искуства.

Задоволство е да се слушне дека колегата Манасијевски признава дека другата половина од Европската унија дозволуваат и двојни и тројни државјани да можат да бидат пратеници. Тоа го кажуваат, уште еднаш потврдувам компаративните искуства го кажуваат е иманентно на помалите држави кои имаат голема иселеничка заедница или се присутни во дијаспората.

Второ, мора да се прави дисктинција дека, затоа спомнав за основниот закон, тоа е Законот за државјанство дека државјанството се стекнува со раѓање и со натурализација односно природување. И, мора да правиме во нашиот случај, како дел од поранешна Југославија разлика на тоа што во дел од мешовитите бракови, дел од нашите колеги пратеници се по раѓање Македонци, но по потекло на дел од нивните родители, може и во првиот ред да седи овде некој од ВМРО-ДПМНЕ кој има и хрватско државјанство. И го знаеја и претходно колегите од сегашната опозиција, па никогаш не злоупотребуваа и не играа на картата дека носител на листата на ВМРО-ДПМНЕ, да речеме Влатко Ѓорчев има и хрватско државјанство. Затоа што ние сме сметале дека тоа е непотребно, дека со тоа не се носат политички поени.

Ако една политичка партија смета дека на тој начин може да се освојат политички поени, играјќи на картата на бугарофилството, и спомнувајќи го фактот дека повеќе од 70 илјади Македонци веќе имаат бугарско државјанство, што е опасна теза, јас сум за тоа таа теза да ја отвориме овде. Но не вака, на мала врата. Зошто уште веројатно 70 илјади ќе аплицираат, ако продолжи периодот на изолација. И, кој е тој што

се чувствува дека има бугарски корени. Тоа е за мене опасноста.

Таква теза јас не слушнав овде дека ја промовираме. Туку се обидуваме, дефинитивно, да дисквалификуваме можност во иднина, видни Македонци, како што рече некој да дојдат овде и да бидат и пратеници, сега веќе го дозволуваме да имаме тројца пратеници од дијаспората.

Второ, оневозможуваме видни Македонци да бидат министри или виден Македонец да биде претседател кој во овој момент би се натурализирал како Македонец. Ние одиме, затоа велам ги искривуваме фактите и тргнуваме од тоа дека еден поранешен претседател на Владата, во меѓувреме, кога бил пратеник, земал друго државјанство. Ние можеме, доблесни сме и во иднина, ако земе да речеме Александар Николоски утре државјанство на друга држава да поведеме постапка и да му го земеме мандатот, ако сметаме дека можеме да бидеме контра волјата на граѓаните, бидејќи во краен случај добро е, потпишуваме изјава дека некој не е кодош и тоа треба веднаш да го направиме, да потпишеме изјава дека има некој две или три државјанства, па граѓаните ќе видат дали ќе му ја дадат нему довербата.

Се извинувам што пречекорив со времето.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, нема проблем.

Констра реплика има господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине Бучковски на репликата. Гледам дека ретерирате од вашите вчерашни ставови и драго ми е што го слушам тоа. Меѓутоа, останува фактот дека ако не го санкционираме ова ние им даваме пример на нашите гласачи, дека, штом ние како најбитни политички репрезенти имаме два пасоши, што е пораката кон граѓаните?

И на крајот,  да ве прашам, што ќе им е на тие пратеници другиот пасош? Зошто им е другиот пасош? Да имаат бизнис таму, фирми или да се сокријат од евентуално гонење на криминалот. Друга потреба нема.

Затоа, воведувањето на овој елемент е во функција на заштита на државните интереси и овој елемент се однесува само на оние кои сакаат да се бават со политика и кои сакаат да обавуваат клучни функции. Инаку, господине Бучковски, малку ме изненадува вашата дискусија. Вие во тек сте, во процесот, еден пратеник, токму околу вакво прашање. Така што вашата промена на ставови навистина не можам да ја објаснам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господине Андов, доколку се јавувате за реплика, репликите се завршени. Заврши времето за пријавување на реплики. Процедурално може.

Процедурално има господинот Андов Стојан, повелете.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, сигурно политичките разлики не принудуваат и на остри изјави и на нетрпеливост кон другиот став итн. Меѓутоа, кога нешто кажуваме мора да знаеме да го кажеме точно. И тоа мора да ни биде обврска точно.

Овде се кажаа две неточни работи. Се кажа дека еден македонски функционер предложил име БЈРМ во Обединетите нации и се кажа дека некој премиер потпишал со Бугарија да нема македонски јазик.

Двете работи не се точни. Да ги проверите и ќе видите дека не ви се точни. И нека е тоа обврска на секого, да ги проверува работите, па да ги кажува.

**Трајко Вељаноски:** Секој си одговара за својот говор и за фактите што ги изнесува. Сепак треба да води сметка за некои работи што ги кажува.

Има збор госпоѓица Мехмети Ермира, повелете.

**Ермира Мехмети:** Почитуван претседателе, почитуван министер, дами и господа,

Сакам да изјавам дека јас ќе ги поддржам измените на Изборниот законик, заради што расправаме овие денови, затоа што сметам дека основната цел заради што треба да гласаме е дека треба да се исплакне образот, да се корегираме и да искажеме готовност за корегирање на слабостите што се случија на последните парламентарни избори. Слабости што на Република Македонија и додадоа уште еден дополнителен критериум во аспирациите за зачленување во Европската унија. Слабости што без сомнение ќе бидат во првите редови и најзначајните редови на политичките критики што ќе бидат адресирани од страна на Европската комисија во извештајот што ќе се објави идната недела.

Мислам дека оваа седница е значајна затоа што ние сакаме да докажеме дека сепак ги намалуваме непријателствата кои се создадоа на 1 јуни, непријателства во кои бевме тесно опфатени сите ние, крвопролевањето, насилството и убиствата. Тоа е поглавје за кое ние како избраници на народот сакаме јавно да изјавиме дека сакаме да ги оставиме зад нас. Поѓајќи од тоа мислам дека се три основни порадки што се испраќани денес.

Прво е дека Владата како одговорна за организирање на избори, како извршна власт, сепак ја признава, ја носи својата одговорност и е одговорна да ги корегира слабостите кои ги видовме на 1 јуни.

Втората порака е дека државата како апарат односно механизам на принуда признава и прифаќа одговорност за институционалниот колапс кој се случи на 1 јуни кога органите од јавниот ред си ставија во служба на партиските структури и се конфронтираа со граѓаните кои излегоа да ја вршат нивната граѓанска должност односно правото на глас.

Третата можеби најглавна порака е дека ние како пратеници избрани во еден екстремно насилен изборен процес, сепак се чувствуваме одговорни кон институциите, кон институцијата која не

претставува и сакаме да бидеме дел од новиот тим.

Ние денес заедно сакаме да докажеме дека сме малку поинакви, дека сме различни од имиџот кој се создаде за земјата, за нас како политички афери во еден политички процес на 1 јуни. За жал, јас мислам дека треба јавно да се говори за тоа. Ние на 1 јуни бевме сведоци на едно организирано насилие врз изборите. Не го велам тоа само јас, туку сите други пратеници и сите релевантни организации кои ги набљудуваа изборите. ОБСЕ рекоа дека на 1 јуни органите од јавниот ред дозволија да се идентификуваат како соучесници во една кампања која тие ја нарекоа кампања на заплашување, на уценување и закон кон граѓаните. За жал на 1 јуни сите ние видовме колабс на институциите. Вакви настани почитувани пратенци не смеат да се повторат во една држава која настојува, која се обидува со свои сили во еден тежок период да стане дел од евроинтегрираниот процес. Доколку слободниот глас е база на демократијата, тогаш треба да констатираме дека во моментот кога се врши насилство во изборот и врз правото на глас, ние тогаш не можеме да претендираме дека ќе имаме слободни демократски институции. За жал во една ваква атмосфера ние треба да констатираме дека нашето општество не е слободно.

Тоа што јас сакав да го истакнам бидејќи за тоа се говореше многу е дека насилството кое го видовме на 1 јуни, инцидентите кои ги видовме некој сака да ги нарекува и нарушување на редот, сепак нема етнички карактер. Во момонтот кога ние видовме дека институциите на државата, за жал станаа учесник во овој процес, паднаа во вода сите тези дека ние сме имале етничко насилство. За жал, на 1 јуни имавме институционално насилство. Затоа денес сакам да апелирам, да го дигнам гласот за продолжување, продлабочување и поголема одлучност за реформирани органи на земјата, пред се на Министерство за внатрешни работи. Всушност имиџот што полицијата го стори на 1 јуни е императив кој треба да се избрише. Значи суштината на проблемот од 1 јуни, почитувани пратеници е повредувањето на правото, на слободата, на основните демократски права, правото на глас.

Како кандидат за пратеник јас сум длабоко убедена и сите тие кои беа учесници во тој процес, во еден момент во текот на денот веќе не беше значајно дали процесот ќе биде целосно фер, дали ќе има полнење на кутии, дали ќе има коректни резултати. Во еден дел од денот ние веќе не се чувствувавме како слободни граѓани. Значи исчезна слободата, основниот постулат на демократијата. Затоа доколку поаѓаме од една дефиниција дека изборниот законик е системско уредување на законите, ние треба да додадеме дека изборниот законик во нашиот контекст треба да биде настојување за корегирање на нашиот начин на однесување. Останаа неодговорени прашањата дали ние сме сите подготвени како носители на јавни функции, да постигнеме добар договор и да речеме дека ќе се ангажираме за коректен, достоинствен и слободен демократски изборен процес во иднината. Мислам дека денес сите ние треба да се обидеме да гледаме и на обична измена на изборниот закон. Треба да се обидеме да реплектираме над она што се случи на 1 јуни, затоа што тоа што се случи на 1 јуни треба да биде аларм за сите политички партии учесници во процесот на изборите затоа што сериозно треба да работиме на нашите поправки, поаѓајќи од реториката па до преземањето на евентуални мерки за коректен изборен процес. Значи останува да се одговори прашањето дали сме подготвени да ја менуваме нашата изборна култура, дали сме подготвени да инвестираме енергија и наш капацитет за создавање на една таква атмосфера и едно такво општество, дали сме подготвени да застанеме понизно пред демократијата затоа што ние сме демократска држава.

Ќе завршам со една обсервација а тоа е дека тоа што треба да продолжи и по донесувањето на овој изборен законик, за што се согласувам дека има свои недостатоци, не ги задоволува сите, сепак е компромис кој настојува да не води напред. Ќе завршам со тоа дека останува сепак потребата за продолжување на реформирање на општетвото, на освестувањето на граѓаните со тоа што ОБСЕ го нарекува едукација на граѓаните за изборен процес и нормално паралелно со овој процес останува императив потребата од реформа на политичките партии и на институциите во државата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господинот Јован Манасиевски, повелете.

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине претседателе.

Очекувам во иднина да го почитувате Деловникот. Ако на пратеник давате збор за неделовничка туку субстанцијална интервенција, исто така да му дадете збор и на тој на кој се однесува таа интервенција.

Почитувана госпоѓо Мехмети вашето излагање е сосема во ред, меѓутоа, не објаснивте, затоа ве м олам, ако може да ни објасните како внесувањето на партиските војници во избирачките одбори, значи оние што правеа најмногу проблеми и чија жртва беше вашата партија и вие и како внесувањето на стриктно партиски војници во Државната изборна комисија ќе придонесе за зголемувањето на изборната култура, за јакнење на регуларноста на изборниот процес и за постигнувањето на европските стандарди. Мислам дека ова го должите. Во оваа расправа што се водеше никој не објасни која е врската меѓу партизирањето на инситуциите, враќањето на партиските војници и подигањето на изборната култура и овозможување на независност и професионалност на изборниот процес. Според моето уверување, овие две работи се во тешка спротивност. Оттаму, ме интересира вашето мислење и би ве замолил да

кажете како вие го објаснувате овој неприроден факт.

Инаку, во 1999 година е потпишан договор со кој македонскиот јазик е заменет со уставниот јазик на Република Македонија. Токму тоа и инспирирани од тоа сега тоа го бараат Грците во преговорите, да не биде македонски јазик во ОН, туку да биде јазикот на Република Македонија, така како што ќе се договори името за меѓународна употреба. Значи нашиот премиер со двојно државјанство кој сега е предмет на рехабилитација всушност им дава на грците одлична идеја како го спорат еден од клучните елементи на нашијот национален идентитет. Сега грчката дипломатија, ефикасно, добро подготвена, со традиција како што е, нормално, го продолжува овој процес, и на наследството на Љубчо Георгиевски ја гради својата преговарачка позиција во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има госпоѓица Ермира Мехмети, повелете.

**Ермира Мехмети:** Благодарам господине претседателе.

Навистина поранешниот премиер на Република Македонија господинот Георгиевски не е карактер за кој имам некој интерес да дискутирам на денешната седница.

Што се однесува до другото прашање, доколку ме слушавте, јас реков се говори за договор кој сигурно не е идеален, меѓутоа сепак е напор за расчистување, плакнување на нашиот образ. Понуденото решение за кое имаше и долга расправа ќе создаде можност партиските активисти кои секој ден се тука, значи редовно се учесници во изборнот процес да бидат легитимирани или пак да бидат дел од институцијата за што јас мислам дека е многу подобро отколку да бидат милитанти или парамилитанти кои го набљудуваат изборниот процес. Мислам дека сепак тоа е корисен договор.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам почитуван претседателе,

Дозволете уште еднаш да кажам зошто луѓето од ЛДП нема да го гласаат предложениот изборен законик. Меѓутоа, прво сакам да поставам едно прашање затоа што гледам дека поголемиот дел од опозицијата не го поставува, а што за нас е многу битно.

Прашањето е зошто денес имаме предлог на изборен законик, зошто се дебатира, не знам врз основа на што е репликата но еве за овие две реченици ќе ја чекам репликата.

Значи зошто имаме изборен законик, зошто имаме ваква дебата, и како се создаде потребата од овој изборен законик.

Има една единствена работа зошто ние од ЛДП ќе се согласиме со она што го кажа министерот за правда и треба да се каже дека сепак и во неговото излагање можеме да најдеме некои вистински работи.

Тој кажа, при елаборирање на итноста, потребата за итност, кажа дека тоа е еден од критериумите што Европската унија и ги наметнува на Република Македонија за влез во унијата. Тоа е точно. Но, она што ни го кажа министерот е дека тоа е 9-тиот критериум кој и е потребен на Република Македонија. Колку што јас се сеќавам, колку што јас знам пред изборите имавме 8 критериуми и очекував министерот да каже дека ова е девети критериум, или како што вели еврокомесарот за проширување, дополнителен критериум. Дополнителен критериум затоа што Владата на Република Македонија, актуелната Влада, не знаеше, не можеше или не сакаше да организира фер и демократски избори.

Јас од името на мојата партија пред изборите го поставив тоа прашање, се надевам дека нема да оставам впечаток дека сум премногу интелегентен па ги погодувам работите од напред, меѓутоа мојата изјава што уште ја има во медиуми, можете да ја најдете, беше во овој правец. Ако сакате можам и да ја цитирам.

Прво беше дека иборите ќе бидат проблем за Република Македонија. Зошто? Затоа што ќе има инцидент меѓу двете албански партии. Тогаш добив критика дека тоа се претпоставки кои се невистинити, од каде јас тоа го знам итн. тој инцидент се случи. Потоа кажав дека поради тој инцидент изборниот процес како што ќе биде, воопшто иборите во Република Македонија ќе станат критериум затоа што ние одвај го поминавме тестот кога ги организиравме ние изборите како Влада на Република Македонија. Трето, беше сосема јасно дека токму Грција ќе го користи тој аргумент во блокадата. И тоа и се случуваше.

Она што за нас претставува јасен став дека нема да го поддржиме изборнот законик, се дели во три, според мене, три аргументи.

Прво, тоа што е во итна постапка. Нема да потсетам што вие претседателе на Парламентот кажавте дека повеќе нема да имаме предлози овде по итна постапка. Значи ние во принцип ќе бидеме против кога во овој Парламент ќе се носат закони по итна постапка. Не затоа што пратениците се ставаат пред свршен чин затоа што не можат да подготват дискусии, амандмани, затоа што комисиите се партиски, со врзани раце, затоа што им недостасува јавна дебата во Република Македонија.

Поради итната постапка и начинот на кој беше предложен овој изборен законик, ние останавме, ние од ЛДП, граѓаните останаа без одговор на трите клучни прашања кои му ги поставувавме упорно на министерот и на кои упорно министерот не одговараше.

Првото беше колку ќе ги чини граѓаните на Република Македонија овој предлог, мислам тука на гласањето на дијаспората.

Второ, колку гласачи ќе бидат вклучени од дијаспората на Република Македонија, оние кои

според овој закон ќе имаат право да гласаат. Не добивме детален одговор.

Понатаму, сме против тезата која три дена беше подвгрнувана од сите или од претставниците на сите 4 политички партии кои учествуваа во тој договор дека ова е договорено во Клубот на пратеници и нема што да се дискутира во Собранието и не смее никако да се прифатат амандмани. Да, се разбира ЛДП е за дијалог. ЛДП критикуваше што во Република Македонија нема дијалог. Треба да се договараат политичките партии, треба да постои консензус, но кога политички партии, лидери на политички партии, координатори и пратеници овде кажуваат дека работата е завршена и дека Собранието едноставно само треба да го верификува тоа што е договорено во Клубот на пратеници, тоа е тивко умирање на парламентаризмот во Република Македонија. Не знам кој им дава право на тие пратеници така да дискутираат. Пратеници во ова Собрание имало пред нас и ќе има после нас. Немаме право да оставаме впечаток пред граѓаните дека Собранието на Република Македонија е една небитна институција, туку дека имаме еден така наречен Клуб на пратеници каде се договараат законите, а овде едноставно набрзина треба да се прочитаат. Се разбира тоа значи дека во Република Македонија и нема дебата. Така што, доаѓаме до третиот дел зошто ние нема да гласаме за овој предлог, а тоа е затоа што апсолутно е во спротивност прво со препораките на ОБСЕ и ОДИХР кои инсистираат да се дискутира и да има таков законик, потоа на Европската унија и трето на Венецијанската комисија. Така што почитуван министре кога во своето образложение ќе напишете како што сте напишале во текстот што ни е поделен дека ова е во согласност со препораките на ОБСЕ и ОДИХР, тука воопшто не сте во право и за тоа можеме да спориме и ако сакате во некоја поантамошна дебата, бидејќи времето е ограничено, ќе дискутираме иако добро знаете ќе се обидам да укажам во што е спротивното.

ЛДП се обиде со амандманска интервеницја, нормално амандманска интервенција затоа што меѓу другото не учествуваше на таа лидерска средба, да предложи четири крупни решенија за кои сме сигурни дека ќе беа позитивни за ибирачкиот процес, за вкупната демократска атмосфера во Република Македонија и четири теми за кои, можеби е нескромно тоа што ќе го кажам, сум длабоко уверен, како што се и моите колеги од останатите политички партии уверени дека овие предлози имаат поддршка од граѓаните на Република Македонија. Елабориравме претходно зошто сме функционерите да имаат забрана за двојно државјанство кога обавуваат функција која мора да биде исклучително во интерес на граѓаните на Република Македонија. И знаете дека тоа доби поддршка. Некому тоа не му одговара. Времето ќе покаже зошто упорно четирите политички партии беа против овој механизам да се инсталира во нашиот изборен законик и воопшто за избори на министри, на претседател итн. Не слушнав ниту еден аргумент освен напади за фашизам, споредби со некои фашистички партии итн., ниту еден здрав аргумент зошто ова не треба да се случи во Република Македонија.

Понатаму, предлогот за кој, откако ќе завршат седниците пратениците велат добро беше само знаете не можеме затоа што така беше договорено во Клубот на пратеници, да имаме нефиксни листи или според некоја друга терминологија преферцијални листи е одличен предлог кој заслучуваше поддршка во Собранието на Република Македонија.

Поради начинот на кој се носат овие договори, а тоа е Клубот на пратеници, поради начинот на кој што овде ни доаѓаат законите, а тоа е по итна постапка, четирите политички партии не сакаат да ја слушнат јавноста и експертите.

Затоа ќе ви цитирам експерти од почитуваниот Институт за социолошко - политички и правни истражувања односно од почитуваните Наташа Габер и Анета Јовевска каде се вели “Професионалниот изборен модел треба да се облагороди со преференцијално гласање односно нефиксно гласање при што избирачите ќе можат да се определат и за конкретен кандидат од листата на партијата на која ќе и ја дадат довербата на изборите”.

Една ваква промена, се вели понатаму, би претставувала позитивен поттик особено за граѓаните, но и за политичките партии кои конечно мора да се соочат со демократските процеси. Тоа го баравме да се соочиме како политичари со демократските процеси.

Понатаму се вели од нив дека инсистирањата на политичките партии, тоа се четирите, на затворени кандидатски листи е само доказ дека на партиските раководства им се во преден план со општите интереси отуѓувајќи го гласачот од чувството дека реално партиципира во изборниот процес. Тоа е тоа што го кажувавме цело време.

На крај, тие тврдат дека преференцијалното гласање односно нефиксното гласање како што ние овде забележавме се посочува како единствена реална опција за демократизација на македонскиот изборен процес.

Господинот Шутаров кој што од аспект на еден од ретките пратеници на парламентарното мнозинство ги чита препораките од страна на меѓународните заедници и ме радува, се обиде да укаже дека само во Ирска има ваков модел, што не е точно и сега ќе спорам со вас господине Шутаров односно со сите подржувачи на тоа дека ова го нема никаде. Ако сакаме да бидеме дел од тоа семејство, а сакаме и Белгија и Финска и Грција и Италија и Норвешка и Австрија и Шведска овозможуваат подвижни пропорционални листи. Земји отишле подалеку како што е Швајцарија и Луксембург па таму дури може да гласате за кандидат од спротивната листа. Ако тоа го предложевме овде во Собранието на Република Македонија тоа ќе беше таков ерес што веројатно некој ќе ми

забранеше овде да присуствувам и да дискутирам.

На крај, тоа што претседателот на партијата го побара кога веќе го одбивте на парламентарни избори во Институт за социолошко - политички и правни истражувања препорачува, пак ќе ги цитирам “дека предложената промена би можела да се случи на следните локални избори, а потоа да се примени на листата за национално ниво. Зошто не бевте подготвени колеги, драги пријатели од големите 4 политички партии да го прифатите ова, да им дадете шанса на граѓаните да не бираат, веројатно следи во завршната фаза каде вели дека ова не им одговара на партиските лидери затоа што тие сакаат да бидат на врвот, а кога ќе дојде гласањето најголем дел од нив нема да бидат во најголем број на гласови.

Кога сме кај експертите доаѓаме до нивниот став како што е идентичен ставот на Венецијанската комисија каде кажува дека во овој момент државата нема едноставно административен инфраструктурен буџетски капацитет за да организира гласање надвор од границите. Ако сакате за сите колеги кои спореа дека ова е одличен модел, дека е прифатен, гласањето на дијаспората се дели во три категории.

Една е гласовите на дијаспората кои се слеваат во една национална изборна единица.

Вториот модел е да се собираат во постојните регионални изборни единици и.

Трета е да се пресметуваат само за однапред утврдени број мандати во Собранието. Тоа е моделот што го предлага Владата на Република Македонија. Знаете во колку држави постои ова? Само во 10 држави има ваков модел како што овде се прикажува дека е прифатен, дека е корисен и упорно пратениците на ВМРО ДПМНЕ зборуваат за Хрватска не знаејќи што се случува во Хрватска.

Во Хрватска, почитувани колеги, 1995 година при 127 пратеници за места на дијаспората се определени 12. Во 2000 година 6 места, а бројот е зголемен на 151 пратеник за да 2003 година или 2007 година исто 153, внимавајте на почетокот 127 од 12 се овозможени 5. Зошто? Затоа што го констатирале тоа што го констатира и нашата експертска јавност дека проблемот со евидентирање на граѓаните што живеат во земјата наспроти оние што се во странство, а имаат македонско државјанство ја отежнува контролата на регуларното гласање затоа што секогаш се појавуваат сомневања за изборниот процес.

Затоа ние укажуваме дека тоа ќе се случи при наредното гласање на парламентарните избори.

Трето, бидејќи завршува моето време, партизацијата која четирите политички партии ја инсталираат во ДИК, во ИО е грубо спротивставување на сите препораки од страна на нашите пријатели од Брисел и Стразбур.

Затоа, со горчина можам да констатирам или ако сакате моето чувство е дека овие измени што ги правите, сега зборувам во множина, дека овие измени не се само на парламентарното мнозинство, во голема мера отвараат дополнителен проблем на следните парламентарни избори и јас едноставно мислам и сигурен сум дека последиците на овие измени кои се договорени во Клубот на пратеници, а овде егзекутирани во Собранието на Република Македонија тие последици допрва ќе ги почувствуваме на следните избори. Дај Боже да не сум во право, кога давав изјава што ќе се случи на вонредните парламентарни избори, меѓутоа, живи, здрави, ќе ги соочиме аргументите, па ќе видиме кој бил во право или не. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи јас не можам да се пријавам на дисплејот, јас сум пријавен, господинот Зоран Петрески и господинот Живко Пејковски.

Господине Жерновски вашата партија и вие еве трети ден кај што укажувате на две тези. Едната е за двојното државјанство и второто е во однос на моделот и отворената листа.

Прво, во однос на итната постапка, да точно е тоа дека овој закон е по итна постапка но усогласен со сите политички партии и отворена е дебата и тоа дебата од три дена овде, а претходно во Собранието беше 10 дена во кој што ви се овозможи вас колку сакате амандмани да поднесете, да го подобрите текстот на Изборниот законик но, битно е да се донесе Изборен закон кој што ќе биде поддржан од сите политички партии и поддржан од Европската унија кој што ќе го даде извештајот во ноември, дека се внесени забелешките од ОБСЕ и ОДИХР.

Но, едно би кажал дека ние како по правило овде во Собранието на Република Македонија ги носиме изборните закони неколку месеци пред изборите што е лошо. Еве знае и господинот Бучковски сме учествувале во Клубот на пратениците многу пати јас како претставник на ВМРО ДПМНЕ, а тој како премиер и тогаш имаме кажано дека е многу битно изборните правила да бидат донесени година дена најмалку пред секои избори.

Во овој момент така налага ситуацијата затоа што по предвремените избори имаме препораки од ОБСЕ и ОДИХР, а истовремено доаѓаат локалните и претседателските избори.

На координацијата сега кажавме и се договоривме во текот на 2009 година по локалните и претседателските избори доколку има потреба да се изврши промена во 2009 година и да има доволно време да ги знае секој учесник во изборите правилата. Најлошото што вие сега го заговарате да се воведе ограничување на некој да може два месеци пред претседателските избори да биде кандидиран затоа што сакате да воведете двојно државјанство да биде еден од условите за да не може некој да се кандидира.

Претходно ви беше кажано и сега ви кажувам вашиот маркетинг кој три дена го правевте овде во Собранието, знаете дека не може вака да биде регулирано без претходно да бидат извршени уставни измени. Започната е постапката за измена на Уставот, таму ќе си дебатирате, ќе си поднесувате амандмани и тогаш јас најискрено ќе сфатам дека е добронамерна вашата намера во тоа. Но, сега да знаете дека нешто барате да се воведе во Изборниот законик, а не е променото во Уставот, значи вие вршите маркетинг, од ваша страна целосно се врши маркетинг во овие три дена.

Второ, има многу работи но понатаму ќе земам збор.

Воведување на двојно државјанство не е либерален став и ограничувањето, сепак вие сте ЛДП, имате таков назив, а воведувате и се залагате за одредени ограничувања. Но, сепак, бидејќи измина времето за реплики, имав многу работи да кажам. Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Мислам дека еден претседател на Собрание треба да се јави за дискусија, а не за реплика, чест ми е што една таква импозантна политичка фигура најде за сходно мене да ми реплицира, но мислам дека требаше да се јавите за дискусија ќе имавте повеќе време и ќе имаше тежина. Тоа ќе биде став на претседателот на Собранието. Меѓутоа, внимавајте што рековте. Дека вие го подржувате затоа што е договорено на лидерски средби.

Господине претседателе вие сте прв кој што најмногу од сите треба да им каже на тие во Клубот на пратениците ова е Собрание на Република Македонија, убаво е што се договориле, но тука се одлучуваат работите, тоа треба вие да го направите и ако сакате за извештајот кој ви е битен, а е за седум дена, тоа е проблем во Македонија , мислиме дека последните седум дена ќе го поправиме она што година дена не сте го направиле, тогаш зошто не ја прифативте нашата иницијатива на ЛДП да го промените Деловникот, а ви тврдам, ако сакате и ве се колнам дека Деловникот ќе биде во извештајот на Европската комисија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Зоран Петрески

**Зоран Петрески:** Почитуван господине Жерновски, спомнавте дека ова не е некое време за носење на измени на Изборниот законик, но мислам дека прашањето е зошто токму во овој момент вие сте против носењето на измени на Изборниот законик бидејќи токму сега одлучивте како ЛДП да се отцепите од коалицијата и се обидувате на едно вакво прашање со цела жестина да дебатирате и да се обидете да се одлепите од досегашниот коалиционен партнер. Мило ми е што не успеавте и вашиот четврт пратеник да го инволвирате во ова, гледаме во изминатите три дена тој некако не ја прифаќа оваа ваша нова слика која се обидувате да ја создадете во македонскиот Парламент.

Се обидовте со фактот што уфрливте три или четири тези по кои дискутирате во изминатите три дена и зборувате дека Изборниот законик односно измените кои се предложени се лоши, дека еве овие решенија кои вие ги нудите мора да бидат прифатени, во спротивно ќе има катастрофални последици итн. Иако самите знаете дека Изборниот закон се носеше односно предлозите за донесување на изборниот закон беа предложени на најтранспарентен начин.

Прво, во Клубот на пратеници се свика средба на која беа поканети сите регистрирани политички партии во Република Македонија, без исклучок. На таа средба, на таа јавна расправа присуствуваа повеќе од 20-тина политички партии, имаше дискусија во која беа загатнати сите прашања кои што политичките партии сметаат дека се битни и треба да бидат загатнати. Од таа лидерска средба односно од таа средба на сите политички партии понатаму се продолжи на лидерски средби во кој што најголемите 4 партии расправаа за предложените измени и дополнувања на Изборниот законик. Значи господине Жерновски колку и да се обидувате вие да негирате сепак не можете да негирате дека овој Изборен законик се носи со најширок можен консензус. Штета што баш го погодивте моментот кога сакате да докажете дека се разликувате од вашиот коалиционен партнер досега. Знаете дека во овој Изборен законик се вметнуваат препраките на ОБСЕ и ОДИХР од 2007 и 2008 година, знаете дека конечно после 18 години им се дозволува на дијаспората да гласа, знаете дека се договорени прашања како што се зајакнување на контролата на избирачките одбори, на општинските изборни комисии за да во иднина не ни се случуваат работи како на последните избори.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Добро, вчера се повикавте на вашето богато политичко искуство. Мислам дека вашаето богато политичко искуство ќе ви укаже дека ние не сме против Изборен законик, ние сме против ваков Изборен законик, со вакве решанија како што предлагате вие и вашите партнери од останатите три политички партии. И немојте мене да ме уверувате во нешто за што господинот Фуере укажа да не ги правите глупави граѓаните на Република Македонија го цитирам. Ова што сега покажувате демократија знаете зошто е? Тоа што го направивте во отсуство на опозицијата гласајќи 172 закони по итна постапка. Срамота. Катастрофа. Невидено нешто во Европа. И затоа што донесовте Деловник и не сакате сега да го корегирате и тоа ќе биде доминантно во извештајот, а поправање на оценката 7 дена пред извештајот тоа мислам дека еден искусен полтичар како што вие се нарекувате себеси треба да го знае.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Пејковски Живко, повелете.

**Живко Пејковски:** Благодрам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, господине Жерновски, Собранието не може да падне на испит заради тоа што вие нема да го гласате Изборниот законик. Пратениците од сите политички партии многу добро знаат кој е вашиот проблем овие два три дена.

Многу често овие два дена ги спомнувате четирите лидери, го спомнувате Клубот на пратеници, ги спомнувате состаноците што се водат таму. Мое лично мислење е дека без разлика што сте мала партија и вие требало да присустувате на тие состаноци. Кога четирите лидери ќе ги слушнеа и вашите ставови, тогаш сигурен сум дека сосема поинаква песна ќе се пееше овие два дена во Собранието.

Впрочем и лидерите на малите држави се поканувaат да учествуваат на разни конгреси, собири, договарања, па можеби и вие требаше да присуствувате во Клубот на пратеници.

Во овие два дена се наслушавме се и сешто. Меѓутоа, историјата ќе покаже кој каде ќе се најде на нејзините страници. Ние можеме да зборуваме дека едните се херои, а другите се предавници или атаци или прислужници на други држави и на други служби. Меѓутоа еден ден кога нашите синови и внуци ќе ги тресат стенограмите на ова Собрание, на овие седници тогаш тие ќе кажат и ќе пресудат што сме биле и каде сме припаѓале. Тие ќе се срамат или ќе се гордеат со нас. Затоа овие исклучителни ситуации во кои се наоѓа Република Македонија треба сите до еден да внимаваме што зборуваме и што правиме и што работиме и какви сигнали во Европа и во светот испраќаме од ова Собрание за Македонија.

Мое мислење е сигирен сум дека со тоа нема да се согласите дека без разлика дали сме власт или опозиција треба да им се даде шанса на институциите посебно оние кои директно се инволвирани во изборите да си ја бркаат својата работа, да ги охрабриме за грешките од минатото да не ни се повторуваат. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на листата што ја имам пријавен за збор беше министерот за правда.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници

Владата на Република Македонија при подготвувањето на измените и дополнувањата на Изборниот законик тргна од основната цел да се обезбеди целосна транспарентност и соработка со политичките партии, надлежните државни органи во спроведувањето на изборниот процес и со меѓународните организации, а пред се со ОБСЕ и ОДИХР за клучните прашања во доградбата на правната рамка на изборното законодавство.

На големо задоволство може да се констатира дека измените и дополнувањата на Изборниот законик се резултат на постигнат висок степен на изразена политичка волја и полтички конзензус за предложените решенија.

Препораките на ОБСЕ и ОДИХР целосно се внесени во измените и дополнувањата на Изборниот закон.

Во извештајот на набљудувачката мисија на ОБСЕ и ОДИХР за предвремените парламентарни избори од 1 јуни 2008 година се констатирани нерегуларности во изборниот процес. Во препораките повторно се укажува на доградба на управната рамка на јакнење на капацитетот на изборната администрација, на изборната кампања и финансирањето на кампањата, на медиумското претставување, на изборните процедури и заштита на избирачкото право, посебно на изборните нерегуларности и потребата од преземање на ефикасни мерки на одговорност.

Политичките пораки кои беа испратени во изминатиот период на патот на целосна евроинтеграција на Република Македонија, јасно ставија до знаење дека мора да се надминат сите нерегуларности и инциденти при спроведување на изборите и да се обезбеди демократско изразување на волјата на граѓаните во изборниот процес.

Насилството во изборната кампања на денот на изборите на дел од избирачките места. Кршењето или полнењето на гласачките кутии, одземање на гласачки материјал, спречување на слободното изјаснување на гласачите и другите нерегуларности оставија лоша слика на целиот изборен процес, што повеќе не смее да се повтори и мора да се спречи со сите правни средства. Секој што го нарушил изборниот процес мора да биде повикан на одговорност и да сноси законски последици. Тој процес мора да се спроведува без непотребно одолговлекување, законито, брзо, ефикасно, објективно и одговорно. Иако на поголемиот дел на правната рамка се гледа како на позитивна појава која придонесува кон подобрување на изборната атмосфера. Сепак, нејзиното успешно спроведување е условено од три компоненти во изборниот процес и тоа: избирачите, политичките партии и државните институции. Сите тие како учесници во изборниот процес треба да го потикнуваат владеењето на правото и почитувањето на законите во оваа област, како постојан и клучен придонес во демократскиот развој на земјата.

Тргнувајќи од препораките на ОДИХР и на ОБСЕ во Изборниот законик се внесени значајни измени и новини, како што е Државна изборна комисија да може да поднесува барање за казнено гонење, против лицата кои направиле изборни прекршоци, кандидатот за пратеник да не е осудуван со првосилна пресуда на безусловна

казна затвор во траење над 6 месеци. Обврска на кандидатот за пратеник со писмена изјава заверена на нотар, да изјави дека не соработува со органите на државната безбедност, писмена изјава за националната припадност, надлежност на ДИК за водење на избирачкиот список, наместо Министерството за правда, финансирање на изборната кампања и контрола на финансирањето и изворите на средствата за медиумскарта кампања. Медиумско претставување и надлежностите на Советот за радиодифузија.

Посебен акцент е ставен на одредбите за финасирањето на изборната кампања, поради тоа што Изборниот законик во 2006 година, содржеше сосема мал дел на одредби кои што нецелосно го уредува ова прашање.

Новите одреби за финансирање на изборната кампања имаат за цел да обезбедат заштита на правните механизми од незаконито финансирање на изборната кампања.

Изборната кампања не смее да се финансира од неидентифукувани извори. Со законот е определено што се смета за донација и е предвидна можност за утврдување на потеклото на донацијата.

Се воведува обврска да се воведе регистар на донации. Финансиските извештаи мора да се достават веднаш, најдоцна 15 дена по завршувањето на изборната кампања, Државна изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија и Собранието на Република Македонија.

Се предвидува обврска на Државниот завод за ревизија да ги објавува ревизорските извештаи. Се дефинира почетокот и завршување на изборната кампања, тоа што беше забележано од минатите избори и неможноста да се врши рекламирање со средства од Буџетот и средства на локалната самоуправа од денот на донесувањето на одлуката за распишување на изборите до нивното завршување.

Советот за радиодифузија е дложен да донесе програма за рамноправно медиумско претставување. Радиодифузерите се должни во рок од 5 дена од денот на распишувањето на изборите да објават ценовник за медиумското претставување. Се дефинира содржината на регистарот на донации на образец пропишан од министерот за правда.

Со измените во Изборниот законик исто така, се предвидува, како што напоменав Државна изборна комисија да го преземе водењето на избирачкиот список, со оглед на тоа дека на тој начин ќе се обезбеди единствена евиденција на избирачкото право во еден орган.

Со измените во Изборниот законик е предвидена надлежност на Управниот суд да решава за изборните нерегуларности и тоа во совет составен од петмина судии на јавна седница, што за прв пат се вградува во нашето изборно законодавство.

Исто така, и казнените одредби во Изборниот законик се усогласуваат со новиот Изборен законик. Во Изборниот законик за прв пат се уредува и начинот и постапката за гласање на дијаспората, на државјаните на Република Македонија на привремена работа и престој во странство да гласаат во дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во земјите каде што претстојуваат.

Согласно предложените измени, државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа и престој во странство ќе учествуваат во избор на претседател на Република Македонија и избор на три пратеници во Собранието на Република Македонија, почнувајќи од 01.09.2009 година од кога избирачкиот список ќе биде преземен од страна на Државната изборна комисија. Со решението во Изборниот законик да гласа дијаспората за избор на претседател и да избира три пратеници во Собранието на Република Македонија се изразува висок демократски капацитет на нашата земја, која сите нејзини граѓани ги става во еднаква и рамноправна положба. Тоа е наша грижа и наша обврска и тоа треба да се поздрави. Поединечни објаснувања, кои што не го подржуваат ова решение, апсолутно, не можат да го намалат квалитетот и вредноста на предложените решенија во Изборниот законик. Почитувани пратеници, Владата на Република Македонија не го затвора прашањето за гарантираните места на малите етнички заедници, ниту други прашања кои што се покренуваат во надоградба на правната рамка и на Изборниот законик. Ќе продолжат активностите на усогласување на условите, па и нијансите што постојат помеѓу самите заедници со цел, да се постигне и за ова прашање политички консензус, што треба да се уреди во Изборниот законик.

Изразувам уверување дека измените и дополнувањата во изборното законодавство ќе претставуваат добра основа за квалитетно спроведување на изборите. Сепак, секогаш треба да се има предвид, дека законите сами по себе нема значајно да ги променат состојбите, доколку недостасува доволно високо ниво на павна и политичка култура и волја за нивно правилно и целосно спроведување. Граѓаните на Република Македонија не можат да бидат заложници на поединци, или на група на лица кои рушат елементарни човекови права на слобода на изразување и легално и демократски спроведување на изборите.

Правото на глас, не е преносливо право, туку непосредно лично уставно право на секој граѓанин, кој се стекнал со тоа право. Република Македонија има капацитет за спроведување на фер и демократски избори. Искрено се надевам дека тоа што остави темна дамка на последните избори веќе е зад нас и никогаш да не се повтори. Сторителите на изборните насилства да ги сносат законските консеквенци. Измените што се предлагаат ќе значат брана од несаканите случувања и прогрес на изборниот процес. Тоа е

дел од нашиот пат кон Европа и на сето тоа мора да истраеме.

Со донесувањето на Изборниот законик ќе пратиме добра политичка порака спрема Европа, но пред се и спрема граѓаните на Република Македонија.

Почитувани пратеници, ве молам да ги донесете измените и дополнувањата на овој Законик. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Прво да завршиме со репликите, па ќе продолжиме по паузата.

За реплика се јави господиниот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе.

Сосема на крај веќе очигледно нема да го добиеме тоа што го мислевме. Јас бев пресреќен, сите ние од ЛДП бевме пресреќни, кога се јави министерот за збор. Мислевме конечно, бидејќи така беше ревносно пријавен после нашата дискусија, ќе го каже тоа што го должи не на нас, го должи на граѓаните на Република Македонија, што ќе го платат овој процес.

Мислев дека ќе излезе за да ни каже, да ни одговори на прашањето кое што го поставувавме упорно три дена: колку ќе ги чини граѓаните на Република Македонија гласањето на дијаспората и второ, колку граѓани, односо државјани на Република Македонија ќе бидат опфатени од новиот предлог и ќе можат да гласаат. Бев убеден дека ќе добијам одговор и дека ќе можеме да дискутираме за тоа. Не добивме одговор. Слушнавме говор, кој што повеќе личеше на политичко обраќање, отколку обраќање на министер за правда, кој што треба да одговори на аргументите со контра аргументи и аргументи од страна на опозицијата, бидејќи потребно мислење не слушнавме се разбира, од парламентарното мнозинство. Не, почитуван министер. Не е точно дека ви е предлогот во согласност со извештајот. Вие заедно со другите политички партии, односно не вие, тоа ви го наложиле лидерите, извршивте промена, партизација на Државна изборна комисија. Отворете ја страницата број 6 Државна изборна комисија. Ќе ја прочитам оваа реченица затоа што не успеав претходно и добро што поради вашата дискусија добив шанса и ова да го прочитам. Веќе цитирам: “Според согледувањата на ОБСЕ и ОДИХР Државна изборна комисија работеше ефикасно и покрај тоа што имаше скратени рокови и покрај тоа што имаше повторување на гласањето”. Државна изборна комисија таква каква што е пофалена, вие ја менувате целосно со нови кадри и не само што ја менувате, туку правите не 30, не 40, не 50, 100% партизација на Државаната изборна комисија, што ме упатува на страница 30 од овој извештај каде што вие велите: Државна изборна комисија мора да функционира како независен орган. Јас сум сигурен дека ќе се согласите дека под независен орган, не може да се подразбере, орган каде што политичкита партии ги кандидираа членовите на Државна изборна комисија, впрочем, така е и со избирачките одбори. И уште еднаш вие побаравме мислење од Венецијанската комисија и таа ви кажа дека гласањето колку и да сакате државата Македонија, нема административен, нема инфраструктурен и нема буџетски капацитет, но лесно е да се прави ова со туѓи пари, а тоа е со парите на граѓаните на Република Македонија. Тие ќе го платат тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 15,05 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,13 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе,

Со оглед на важноста на проектот кој денеска го третираме во Собранието, тоа е Изборниот законик и потчитта која секако како пропис ја имам јас нема да зборувам од место, макар и стоејќи, туку ќе зборувам од говорница затоа што сакам јасно да ги искажам ставовите на пратеничката група на СДСМ по повод измените и дополнувањата на Изборниот законик.

Пред да кажам како ќе гласа пратеничката група на СДСМ со измените на Изборниот законик би сакала само да се сложам со делот од дискусијата на господинот Андреј Жерновски, во делот кој што се однесува на причините за потребата од пристапување кон измени на Изборниот законик. И би сакала малку да ја потсетам јавноста, а секако и вас овде во ова Собрание што беше она што ја наметна потребата од донесување на вакви измени на Изборниот законик

Ако добро се сеќавате во 2008 година некаде непосредно кога беше ставена точката на дневен ред за распишување на предвремени парламентарни избори тогаш како опозиција се спротивставивме, иако секоја опозиција би сакала без разлика дали е доволно подготвена или не во дадениот период за избори, таа секогаш мора да биде подготвена и нема ништо да загуби иако е опозиција.

Тогаш не се спротивставувавме од таа причина на одлуката за распишување предвремени избори, туку се спроитвставивме затоа што сметавме дека тоа не беше време за вонредни парламентарни избори, дека Република Македонија има јасно зацртана агенда и треба да работи на остварување на таа агенда, а агендата и тогаш и сега е јасна, барем за СДСМ тоа е добивање покана за членство во НАТО, која што за жал се станува поизвесно дека нема да ја добиеме и отпочнување на преговори со Европската унија.

И навистина за жал се испостави тоа што го тврдевме. Вонредните парламентарни избори 2008 година Република Македонија ја вратија

назад од она ниво кое што дотогаш го постигна во овие аспирации.

Секако, вонредните парламентарни избори за државата, за држава Македонија, за нашата држава значеше спроведување екстремно лоши избори кои што се потврдија, имајки го во предвид, и тогаш укажуваме како опозиција дека навистина нема трпение меѓу политичките субјекти на денот на изборите ќе ескалираат судирите и се покажа на денот на изборите на 1 јули оваа година имавме во Република Македонија екстремно лоши избори, избори со една, нажалост, жртва.

Друга негативна работа која што се случи од предвремените избори е сама, свесно, не знам од кои причини, а мене сега се повеќе ми е јасно од причини Република Македонија си додаде уште еден дополнителен услов, а тоа е ново или измена на законодавството и гарантирање на фер и демократски избори.

Со вонредните парламентарни избори Република Македонија уште една порака испрати до Меѓународната заедница и секако до граѓаните на Република Македонија дека Република Македонија или институциите на системот во Република Македонија кои упорно се трудиме да ги градиме и јакнеме капацитетите не можат да спорведат фер и демократски избори, или политичките субјекти кои што управуваа, или под чие водство се овие институции кои што се задолжени да гарантираат фер и демократски избори...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, ги молам пратениците малку тишина, да ја слушаме колешката.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе тоа е пратеник од позицијата кој што можеби не му е важно она што го зборувам, но не му беше исто така важно и кога се донесуваше одлука за распишување на предвремени избори, кога укажувавме на овие работи и на овие негативни појави, ама еве се случи денеска да дебатираме за тоа.

Значи, покрај тоа што добивме додатен услов за Европска унија, испративме една дополнителна порака дека институциите не само што немаат капацитет, или не сакаат да имаат капацитет во моментот, туку се под дирекно политичко влијание над власта, над парламентарното мнозинство и не спроведоа на 1 јули фер и демократски избори,или не сакаа да спроведат за разлика од вториот круг на избори каде што навистина заради шамарите кои што ги добивме од релевантните меѓународни фактори секако дека власта предводена од Груевски даде наредба институциите да си ја вршат работата онака како што треба.

И сега што сакам да кажам со оваа моја елаборација.

Сакам да кажам да, точно секоја сериозна земја треба да има правна рамка, сериозна правна рамка за сите области, а најмногу за изборниот процес, затоа што од правилата на игра, или од начинот на кој што ќе дојдеме овде во Собранието многу зависи и легитимитетот и легалитетот на сите нас овде кои што работиме и го креираме општиот амбиент во државата. Сум секогаш, бидејки по вокација сум правник да имаме добра правна рамка, да имаме јасни, прецизни решенија кои што ќе гарантираат фер избори, да нема недоречени решенија кои што ќе бидат извор на нерегуларности. Меѓутоа, потсетете се дека 2005 година донесовме кодифицирано изборно законодавство и повторно по препораките ги вградивме сите препораки на ОБСЕ и по тој Изборен законик кој што го донесовме со висок консензус имавме избори 2006 година и бидејќи Европската комисија и Европската унија постојано секоја година, годишно го оценуваат напредокот на Република Македонија тогаш Извештајот на Европската комисија во овој дел беше високо позитивно оценет. Значи, со истиот Изборен законик добиваме висока позитивна оценка, добиваме позитивна оценка дека институциите имаат моќ да спроведат фер и демократски избори добиваме оценка дека правната рамка е солидна и добра за спроведување на фер избори.

Со истиот овој законик 2008 година Република Македонија се враќа многу назад во овој процес и сега наместо да одиме и понатаму напред имаме повторно негативен Извештај со констатација дека институциите ја демонстрираа својата неможност да обезбедат вистински демократски изборен процес, но не дека изборното законодавство толку ни е нејасно, непрецизно, но сепак имаше и препораки, за волјата на вистината, и ОБСЕ заради кое што и ние се нафативме како опозиција да учествуваме во овој проект.

Значи, повторно што сакам да кажам? Значи, сакам да кажам дека ако се има политичка волја, ако има демократија во општеството, ако има демократија во политичките партии, ако нема политизација во институциите на системот со ист Изборен законик, со иста правна рамка може еднаш да се спроведат најфер, најдемократски избори, да имаме најлегална, најлегитимна власт и еднаш со истиот Изборен законик да добиеме најнегативен извештај можеби во историјата од плурализмот.

Почитувани колеги тоа беше резултатот од вонредните парламентарни избори за државата.

Сега, што е резултат од вонредните парламентарни избори за парламентарното мнозинство? Значи ако видиме, или ако изанализираме единствена придобивка или мотото од кое што се водело ова парламентарно мнозинство на чело секако со господинот Никола Груевски премиер, не дека не ги знаеле овие работи кои Што сега јас ги спомнувам, но единствено мото кое што ги водело во предвремени избори не биле државните интереси во моментот, туку било единствено да се продолжи владеењето на оваа гарнитура уште за нови 4 години во момент кога секако свесни дека ја уживаат поддршката од граѓаните.

Но, почитувани колеги ќе протече времето,многу сме кажувале, еве и денес кажуваме, ова е така, одговорноста ќе си излезе на површина и некој ќе мора да одговара зошто Република Македонија е вратена со овие избори свесно назад и дали не е превисока цената која што сега ја плаќа Република Македонија и граѓаните за да ја исполни единствената желба на господианот Груевски да владее уште нови 4 години.

Почитувани колеги,

Ние како сериозна конструктивна опозиција, СДСМ, немојте да се смеете, затоа што господине Цветко вие не знаете каква е практиката во демократските држави. Ни еден парламет без опозиција, дури и да има дваjца од опозиција не смее да донесе изборен кодекс, изборен законик, затоа што тоа е правилата на игра. Надвор натпревар на политичките партии за влез овде.

Исто така позицијата не смее да донесе деловник без опозиција, па макар бил и еден таму, затоа што тоа е правила на игра внатре во овој Парламент. Ама, тие работи секако вие ниту ги знаете, ниту саката да ги научите затоа што не ви одговараат во овој момент.

Затоа ви викам како конструктивна опозиција почитувајки ги препораките на ОБСЕ, сметајки дека само на ваков начин и од опозиција може да и се помогне на државата во која што живееме. Иако сме малку го прифативме предизвикот да учествуваме на преговорите се со една единствена цел, не да добиваме позитивни поени кај граѓаните, не да ви го продолжиме секако вашето владеење, туку со една цел.

Прво, да испратиме јасна порака пред Меѓународната заедница дека СДСМ ги почитува препораките на ОБСЕ и дава согласност истите да се вградат во овој Изборен законик.

Втора порака која што сакаме да ја испратиме пред Меѓународната заедница е дека СДСМ сака во рамките на своите можности како опозиција да даде свој придонес за напредокот на нашата заедничка држава кон она кон што се стремиме. Со сопствен придонес да придонесеме да имаме позитивен извештај пред Извештајот на Европската комисија на 4 ноември, барем во овој дел каде што ние како опозиција можеме да делуваме.

И, верувајте, кај нас ја нема таа дилема за разлика од некои други. Секогаш ќе прифаќаме и ќе учествуваме во ваквите разговори.

Третата порака што сакавме да ја испратиме пред Меѓуанродната заедница е дека ние сакаме да го продолжиме политичкиот дијалог. Дека навистина тоа и треба на државата.

Секако дека овие два дена се отвориа голем број на прашања. Јас не знам претставниците на политичките партии од што беа раководени. Дали да се добие некој политички поен од дневнополитички настани или некакво опозиционирање, не е мое да судам, но, сакам да кажам дека СДСМ ги следи овие забелешки, дека заедно со парламентарното мнозинство сметам дека овие работи ќе се разгледуваат. Секако процесот не е затворен. Дека со својата конструктивност и понатаму ќе работиме, ќе придонесуваме се со една единствена цел, сакаме од позициите каде се наоѓаме да придонесеме нашата држава да стане членка на НАТО и Европската унија или барем да придонесеме да добиеме сега позитивен извештај. Затоа го прифативме овој предизвик. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јавија господинот Шутаров Васко, господинот Жерновски Андреј и господинот Грозданов Цветко.

Реплика за Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарма претседателе,

Поздрав за конструктивноста на најголемата опозициона партија во Парламентот.

Почитуваната колешка низ целата конструктивност успеа да каже дека постои конструктивна опозиција и неконструктивна опозиција. Кога опозицијата, опозит на институциите, како што бевте вие летоска, опозит на Парламентот, опозит на судството, опозит на сите институции, тогаш е неконструктивна опозицијата и се случуваат вакви работи какви што се случуваат. Конструктивноста е секогаш за поздрав. Во Велика Британија опозицијата е опозиција на нејзиното височество и во Велика Британија Изборен законик претрпува измени, иако некои закони се стари по два века. Во САД, 2002 година се донесоа измени во делот за финансирање на политичките партии. Хрватска тоа го работи скоро секоја година. Минатата година тоа го имаше во Република Бугарија. Нема земја во Европа која не врши одредени корекции во својот Изборен законик, но сигурно нема пратеник во ниту една од тие земји што ќе каже дека прават измени и дополнувања на Изборен законик заради нечија волја надвор од државата.

Вашата теза дека ние вршиме измени и дополнувања на Изборен законик заради тоа што тоа ни е наложено, или заради ота што мораме за некој друг да го направиме, а не заради себе, таквото фрлање пепел врз нашите глави мислам дека не девалвира и како пратеници и како репрезенти на граѓаните од Република Македонија.

Не постојат идеални институции. Не постои идеален законик. Овој закон веројатно после локалните и претседателските избори ќе претпри одредени корекции и тоа е сосема добро за земја со крефко демократско ткиво и со таков демократски капацитет каков што го има.

Не е се во правната рамка. Пред малку дел од колегите зборуваа за институционалната рамка и изборниот систем. Малку кој прозборе за културата на изборите. Малку кој прозборе за детрационализацијата на гласањето што го имаме во одредени подрачја. Малку кој прозборе за политичката волја да се истераат избори какви

што беа 2005 година кога ВМРО-ДПМНЕ беше опозиција и кога навистина се приклони кон работењето на избори или третирањето избори по шветскиот модел, како што милувавте вие тогаш да кажете. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе,

Очигледно е дека десетте минути не се доволни, а не камо ли 15. Немав време да кажам јасно дека СДСМ ќе го подржи донесувањето на овој закон.

На колегата, господинот Шутаров, нуту сме биле опозит на судството, знаете го реформиравме. Ниту сме биле опозит на Парламентот. Знаете, вие без нас донесувате овде бројни закони. И, господине Шутаров, како сакате зборувајте, не можете да избегате од одговорноста и да не користите за алиби.

Ние сме секогаш тука кога треба да се помогне во клучни моменти што се важни за иднината на државата.

**Трајко Вељаноски:** Реплика господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитувана колешке,

Прво да се забалгодарам што се согласивте дека треба да се отвори темата зошто воопшто дискутираме за Изборен законик и како се наметна потребата од дискутирање по Изборен законик.

Овде беше спомнато од нашите колеги, драги, од парламентарното мнозинство дека ова е некој нов изум, ЛДП, дека сега се собираат, тоа вашите колеги, тоа беше кажано дека е ова момент кога ЛДП собира маркетиншки поени, зошто сега сме се сетиле тоа да го направиме. Се обидов тоа да го докажам аргументирано.

Имено од име на ЛДП сум држел ПРЕС на 6 април 2007 година, токму пред година дена каде што јасно кажувам дека според препораките на ОБСЕ и Венецијанската комисија, односно дека државата нема капацитет и затоа кажуваме зошто не треба да се гласа.

Тука го најдов вашиот став каде што велите дека во овој момент Македонија нема капацитет и нема услови, сте кажале да организира избори за гласањето на дијаспората. Ме интересира кои услови во меѓувреме се создадоа или кои услови Владата овозможи да ги направи за да вашиот став биде сега дека треба да бидат иселениците вклучени во изборниот процес во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Иванова Цветанка.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине Жерновски. Со оглед на важноста на проектот би требало овде да излезете и да кажете а не од место. Јас сакам да ви кажам следно:

Прво, кажав дека секој има легитимно право да има свои размислувања за одредени работи. Неспорно легитимно е и вашето право да имате свои размислувања и секако неспорно е и нашето право да ги кажеме своите легитимни размислувања. Се согласивме да гласа и дијаспората и тоа да има три пратенички места, но според мене и секако според пратеничката група бидејќи сеуште не знаеме дали овие решенија ќе гарантираат фер и демократски избори, затоа овие избори се само за парламентарните избори 2012 и затоа дијаспората баравме и нема да гласа за претседателските избори, затоа што сметаме дека сеуште не се созреани условите да може да гласа дијаспората за претседателските избори. Ова е мојот одговор.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика господинот Грозданов Цветко.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Почитувана колешке, јас со задоволство можам да констатирам и навистина е во ред доколку конструктивноста на опозицијата поточно на Социјалдемократскиот сојуз ја покажувате со тоа што ќе давате само забелешки по однос на Изборниот законик кои што ќе држат и одредена позиција или одредено место. Но ќе напоменам госпоѓо Ивановска народот исто така ќе ја поздрави конструктивноста на Социјалдемократскиот сојуз како политичка партија во Македонското собрание доколку не се случува она што се случуваше со Законот за полиција. Ќе ве потсетам дека 26 работни дена потрошивме за донесувањето на Законот за полицијата по кој што имавте дадено толку многу амандмани кои што и самите не ги имавте прочитано. Не би сакал да се навраќам во минатото и би апелирал значи во сегашноста и во иднината навистина оваа конструктивна опозиција по однос на Изборниот законик да прекине со манипулацијата и навистина даде одредени забелешки кои што ако смета дека навистина заслужуваат внимание да ги согледаме и можеби да ги гласаме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Иванова Цветанка.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Значи очигледно не може да ми стави забелешка дека не ги читам законите особено не господинот Цветко, тој не ја ни прати ни ситуацијата во Парламентот. Ако се сеќава ние на Законот за полиција немавме амандмани, туку напротив неговиот сегашен коалиционен партнер ДУИ и нека го праша зошто тогаш ги поставил амандманите и каде му се сега.Секако и ЛДП, затоа оваа реплика не знам зошто ми ја упатува мене.

**Трајко Вељаноски:** Сепак до крај не сте точни. Роза Топузова Каревска имаше многу амандмани, по нејзините амандмани се дебатираше.

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Петковски Тито, повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам господине претседател.

Почитуван министер, почитувани колеги,

Пред се, навистина сакам гласно да споделам едно размислување, дали го делите истото размислување, јас не гледам целисходност во оваа расправа на крајот откако ги усвоивме амандманите. Ако е идејата дека Владата може, бидејќи според Деловникот може да поднесува амандмани до крајот на завршувањето на претресот и тоа е добро, меѓутоа, ние ги усвоивме амандманите, сега Владата може да се корегира, пратениците завршија со поднесувањето на амандманите ...

**Трајко Вељаноски:** И пратениците можат да поднесуваат амандмани.

**Тито Петковски:** Оваа расправа може да биде многу попродуктивна ако ја водиме на почетокот како претрес по законот, па да се инспирираат и пратениците од различни мислења и Владата, за да можат тие амандмани да се подготват и да подготвиме текст на закон кој ќе биде навистина прифатлив. Јас ќе говорам во таа насока, ако има шанса некој пратеник да се инспирира да поднесе амандман, се разбира и Владата доколку најде за потребно може истото да го направи.

Почитувани колеги, отсекогаш сум сметал дека изборите се практично вистинското и најдоброто мерило за нивото на демократските процеси во едно општество. Не случајно во копенхагенските документи и критериуми за зачленување на кандидатите земји во Европската унија на прво место се изборите. Земја која е во состојба да спроведе фер и демократски избори има шанса да биде кандидат и да биде член на Европската унија. Тргнувајќи од таа основа, Македонија има обврска особено многу посилна од моментот кога станавме асоцијативна членка на Европската унија да работи на исполнувањето услови за да добиеме датум за преговори и да станеме полноправна членка на Европската унија. Не постои закон, јас сум убеден во тоа, кој што може да обезбеди со норми фер и демократски избори. Законот утврдува рамка во која ќе се движат и политичките конкуренти и институциите на државата за да остават впечаток и пред сопствените граѓани, но и пред меѓународната јавност дека сме ние зрело општество, дека сме сериозна држава, дека сме сериозен кандидат да бидеме членка на Европската унија и во таа насока, според она што досега го правевме на изборите во нормативниот дел во подготовката на изборите, овој закон предвидува или јас би рекол гарантира еден повисок степен на организираност на институциите кои се задолжени да ги водат изборите, особено гарантира јас би рекол одговорност за главните носители на изборната процедура, на изборниот процес. Но ние можеме да најдеме совршени норми и да ги напишеме, ако политичките партии не се расположени, нема ниво како што рече и мојот колега, па и други овде, нема пристојно ниво на политичка култура, ние не можеме да се легитимираме како цивилизирана средина.

Токму затоа Европската унија со оваа најава на извештајот на господинот Оли Рен не враќа на поправен испит и ни кажува дословно: вие ја пропуштивте шансата 2008 година со тоа што си создадовте сами деветти критериум, да спроведете фер и демократски избори. Никој од нас не бараше избори, сами рековме, на господинот Груевски му требаше поголема власт, поголема моќ и тоа се случи. Тоа го доби, ама дефинитивно ги намали шансите на Македонија за членство во Европската унија. Сами придонесовме со начинот на кој што ги организиравме овие избори Македонија да не биде во овој момент приоритет на Европската унија за отворање преговори за членство.

Овој закон, покрај другото, се согласувам дека е наша потреба. Сите закони се наша потреба, не се потреба на странците, но треба да не доближат до стандардите на тоа друштво кон кое ние се стремиме да бидеме дел, да бидеме членка. Ние не одлучуваме дали ќе бидеме членка на Европската унија, тие одлучуваат. Ако тие одлучуваат, треба да имаме правила кои ќе не доближат до тие стандарди, па луѓето да речат да, заслужува Република Македонија да добие покана, датум да добие за преговори и да ги почнеме преговорите да биде полноправна членка. Тоа значи не враќаат на поправен испит и ни кажуваат пробајте се на следните локални и претседателски избори, ако сте во состојба да организирате фер и демократски избори, повелете, можете да бидете дел од нас, ако не, ќе продолжи македонската агонија.

Според тоа, ние сме сега подалеку од Европската унија отколку што бевме пред година дена или подобро речено, многу сме подалеку отколку што бевме 2006 година со начинот на кој беа организирани и спроведени тие во Република Македонија. И сега мислам дека пропуштивме добра шанса да направиме подобра регулатива која што ќе оди во насока да не легитимира дека ние не одиме на избори да водиме битка по секоја цена да добиеме власт, туку да се надгради македонското општество во смисла на демократизација на вкупните односи и да пратиме порака дека нам не ни е важно да имаме повеќе пратеници, туку ни е важно да имаме демократско општество. За жал, кај нас власта обезбедува се, губитникот на изборите нема ништо. Таа битка во Македонија не е демократска легитимација пред светот дека ние имаме шанса да станеме дел од тоа друштво. Некој ќе рече инсистираме толку. Да, инсистираме на Европска унија и НАТО затоа што сметаме дека тоа е најбрзиот начин, тоа се предусловите Македонија да стане побогато општество, да стане интегрирано општество, да соработува со земјите од регионот, да дојдат странски инвестиции итн.

Сега ќе кажам сосема кусо зошто мислам дека ја пропуштивме шансата.

Прво, ја пропуштивме шансата да пратиме порака дека ќе градиме институции професионални, изборни институции. Значи Државната изборна комисија и избирачките одбори нема да бидат партизирани. Партизацијата на изборните органи во Република Македонија е враќање назад, тоа е ретрограден процес. Никој не може да ме убеди дека политичките партии заинтересерини во борбата за власт дека ќе бидат потолерантни, покултурни од оние кои во името на политичките партии, говорам за државната администрација, па некогаш нема да бидат до крај послушни и партиски војници и по својата совест некогаш ќе работат. Добро рече господинот Андов вчера со онаа духовита забелешка дека давањето на изборниот процес во рацете на владеачките партии и онаа најсилната во позиција, исто е како да и дадете на лисицата да ги чува кокошките. Нема шанса, тие ќе направат се да дојдат до власт до повеќе мандати. Ако не можат да спречат, барем ќе се договорам меѓу себе како да ги поделат мандатите. Тоа го говори нашето искуство. Значи таа шанса ја пропуштивме.

Второ, мислам дека пропуштивме една сериозна шанса да пратиме порака и пред домашната и пред меѓународната јавност дека дефинитивни го затвораме сите можности на изборите за корупција. Изборите во Република Македонија се основниот извор за корупција и доколку навистина имавме чувство, сенс за наша одговорност, ќе го спречевме давањето пари од граѓани и од поединци на политичките партии кои победиле на изборите непосредно по изборите до собраниската одлука да се донесе за враќањето на пари, односно одлуката на Собранието за надомест на партиите за кампањата што е водена на избори. Тоа е чист рекет и тоа државата со закон стимулира, дава можност политичките партии со она ниво на култура да ги притискаат поединците, акционерските друштва, менаџерите да плаќаат на жиро сметката на политичката партија на тој начин да ја купуваат љубовта на партијата за нивното работење, а државата односно Владата има исклучително многу ингеренции во сферата на економијата и тие тое го купуваат. Ќе депонирате средства таму и таму, ќе добиете такви и такви погодности. Не сакам да говорам за кои погодности станува збор.

Понатаму за етничките заедници не сакам повеќе да елаборирам бидејќи тоа е нивно прашање. Имавме шанса навистина бидејќи паралелно отвораме процес за промена на Уставот да направиме ефикасен, мал, способен, динамичен Парламент. Тоа му беше местото и во овој закон, но и за промена на Уставот.

Конечно, за дијаспората чувствувам обврска сосема кусо во она време што ми стои на располагање да кажам. Во Македонија ова е пионерски чекор, ние треба да докажеме со овој закон дека сметаме на дијаспората. Дијаспората за сега има најголеми, можеби никогаш повеќе за македонската економија со сопствените дознаки значи некоја гаранција, значи симболичното присуство на дијаспората ќе покаже дека ние сметаме и на нивното знаење, на нивната креација и на нивните менаџерски квалитети да дојдат да ја помогнат нашата економија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Незири Сафет, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер за правда,

Измените и дополнувањата на Изборниот законик значат на некој начин поправање на неколку недостатоци и недоспедности, да не речам дека до сега беше еден генератор на нарушувања и неправди направени во одредени изборни процеси. Дојдовме до состојба како држава Република Македонија да биде под постојан протекторат на меѓународниот фактор, почнувајќи од ОБСЕ, ОДИХР и други институции европски и пошироко, за да ни укажат, за да не посоветуваат и да ни сугерираат за грешките кои ги правиме. Секогаш чекор по чекор грешките беа последователни и никако немавме можност или метод и начин за да ги надминеме истите тешкотии. Но ништо во светот нема идеално. Не значи дека и овој Законик е идеален, совршен, но кога ќе се направат споредби и ќе ги ставиме во еден баланс, па ќе ги споредиме грешките од минатото и сегашните интервенции во овој Изборен законик за надминување, по можност и отстранување на овие нерегуларности и недоследности при изборните циклуси, мислам дека сме дојдени блиску до тоа што го инспирира условно кажано овој Законик и еден меѓупартиски дијалог во Република Македонија. Нормално е и тоа дека сите политички партии не можат да седнат на една маса, но исто така партиите со поголема политичка релевантност кон Собранието седнаа и изнајдоа начин, облик или еден клуч како да се постигне консензус за да се донесе еден висок правен акт каков што е Изборниот законик. Не смееме никогаш да го заборавиме минатото. Сите добро знаеме на последните избори што се случи. Се случија инциденти со тешки последици, инциденти со смрт и други нешта, што значи дека со овој Законик настојуваме деветтиот бенчмарк или деветтата одредница од Европската унија да ја надминеме со овој Изборен законик. Со овој Изборен законик мислам дека институциите на државата треба да се поправат или корегираат, посебно говорам за политицијата во Република Македонија, сите грешки или учеството во насилни акти и чинови на силување на слободниот глас на граѓаните да се надмине сега со овие изменувања и дополнувања на Законикот. Сите добро знаеме дека со овие измени и учеството на политичките партии, претставниците на политичките партии во органите на изборните комисии и Државната изборна комисија се дава голема одговорност

најнапред на политичката партија. Зошто го велам ова? Да одам со аргументите. Досега беше администрацијата во избирачките одбори. Република Македонија е мала држава, колку толку велиме дека се деполитизирани државните службеници, но секогаш на одреден начин држеле една или друга страна, на една или друга политичка партија и дошло до злоупотреба на тие позиции на тие службеници при изборните процеси. Сега со учеството на претставниците на политичките партии во гласачките места, доколку се направи повреда на Изборниот законик, тоа лице се идентификува со политичката партија која го делегирала во тоа избирачко место и целата одговорност политичката партија ќе ја преземе врз работата на тоа лице кое било на тоа избирачко место. Ако се сеќавата, така беше во 1998 година, претставниците на политичките партии беа во избирачките одбори како членови, но инциденти од оваа природа како што ни се случија во 2000 година, во 2008 година немало вакви инциденти од оваа природа. Затоа, ценам дека со идентификацијата на политичката партија процесите ќе течат малку подобро. Мислам дека овој процес луѓето ги воведува да мислат и на некој начин да ги отстранат сите предрасуди и стереотипи дека во Македонија изборите секогаш ќе бидат катастрофални. Освен тоа, мислам дека Република Македонија треба да упати јасна порака надвор од нашава држава дека Република Македонија не е држава која нема политичка култура, дека нема изборна култура, недостасува политички дијалог.

Но како што рече еден наш колега претходно да поминат овие избори кои ако не ги исполнат сите критериуми со овој Изборен законик, често пати сум го спомнал ќе го спомнам и сега Изборниот законик не е Библија ниту Куран во кој не може да се интервенира во иднина, но за една цел за да имаме се што е во прилог на граѓаните, во прилог на партиите, во прилог на државата за попозитивен во однос на Европската унија и другите светски институции. Ви благодарам за вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе.

Добро, веројатно после неколку жешки дебати, може човек да биде и малку емотивно поотворен па да каже дека се чувствувам малку љубоморен како поранешен партнер на ДУИ, бидејќи имавме едно убаво пријателство. Меѓутоа ова е далеку од љубовта што се случува сега помеѓу ДУИ и ВМРО ДПМНЕ и тука сум прилично љубоморен.

Почитуван колега, кога се отвори дискусијата за гласањето на иселениците, тогашниот координатор на пратеничката група сега потпретседател значи во име на пратеничката група, односно во име на ДУИ изјави дека, ова ќе го цитирам: “Македонија е неспособна да организира избори во земјата, а камоли во странство”, зборувајќи за капацитетот на земјата.

Понатаму продолжува дека “со тоа уште повеќе ќе придонесеме да имаме нерегуларни избори во Република Македонија”, ако се дозволи гласање на дијаспората. Да, понатаму, во една друга дискусија, кога повторно се отвораше оваа тема, повторно во име на ДУИ изјавата е “не поддржуваме гласање на дијаспората бидејќи Македонија нема инфрструктура во странство”.

Моето прашање е, бидејќи сега не само што поддржувате, туку едноставно протежирате да има гласање, која тоа инфраструктура во меѓувреме се подобри, кој тој капацитет во меѓувреме се подобри и како одеднаш сега не се спорни за вас, не е спорна за вас нерегуларноста на изборите. Кои тоа мерки ги преземавте вие или Владата или вашите партнери односно вие заедно да ја поправите оваа состојба и сега едноставно Македонија да го има исполнето сето ова, затоа што вие тогаш бевте мошне прецизни дека нема. Би ве замолил за одговор. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам за репликата господине Жерновски.

Внимателно ве сослушав. Вистина е тоа што велите дека сме кажале во минатиот мандат. Но не знам дали сте го прочитале Изборниот законик, колку сте го анализирале овој Изборен законик. Сите забелешки и сугестии дадени до сега од јавните дискусии и сугестиите од минатото се потрудивме да се интервенира и ќе преземеме мерки Минситерството за надворешни работи и ДКП-ата во светот овие работи и нешта да се надминат. Но, ќе кажам уште нешто. Ако овие избори навистина Изборниот законик ќе се усовршува, што значи дека Изборниот законик не е ниту Библија ниту Куран кој не може да се менува. Треба да видиме, да направиме заеднички компромис, да им овозможиме на сите да гласаат рамноправно.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван претстедателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за правда,

Навистина ќе продолжам онаму каде што застана колегата, дека Изборниот законик не е ниту Библија ниту Куран и може да се менува и јас истото го реков. Затоа очекував дека барем некој од амандманите од Либерално демократската партија ќе бидат прифатени токму поради тоа што не е Библија, ниту е божја заповед она што било договорено во Клубот на пратениците. Од тие аспекти дотолку повеќе што од различни пратенички групи доаѓаат сугестии дека некои од нашите решенија се добри да бидат вградени, конкретно значи што се однесува на нефиксните листи наидоа на една голема поддршка и во Вилтен парк, поготово од партиите од албанскиот блок.

Но, да се вратам на Изборниот законик. Почитувани колеги пратеници, за жал имавме едни од најлошите спроведени избори во 2008 година од осамостојувањето на Македонија, ова беа најлошо организираните избори. Зошто го велам тоа? Не можеме да кажеме дека биле добри изборите каде што имаме човечка жртва. Макар и еден човек да е повреден тоа веќе зборува дека изборите не се добро организирани, а не да се изгуби човечки живот. Мислам дека тоа не служи на чест на Република Македонија и воопшто не служи ниту пак оди во прилог на нејзините интеграции во Европската унија. Не можеме да кажеме дека изборите биле фер и демократски на 80% од терторијата на Македонија, а на останатите 20% не биле фер. Таква поделба не зборува за интеграција на Република Македонија, туку за севкупна дезинтеграција како внатрешна така и надворешна кон евроатланските интеграции. Токму поради тоа како резултат на тие неуспешни избори имаме сериозни забелешки од страна на ОБСЕ, ОДИХР и меѓународната заедница и нивни притисок, носиме измени во изборниот законик. Меѓутоа, за жал, почитувани колеги не е се вградено во овој законик кој што е пред нас. Баш точно се бега од тие забелешки кои што ги имавме. И не е вистина во образложението дека е вградено сето она кое што е препораки од Европската унија, ОБСЕ и ОДИХР. Токму на тоа укажуваше Либерално демократската партија и затоа се обидовме да кажеме дека не е добар начинот на кој го носиме Изборниот законик, без разлика што можеби покажал одреден степен на дијалог, политички дијалог што од нас го бара Европската унија. Но, сепак, законот се носи по итна постапка. Еден ваков сериозен закон требаше да се носи по една поинаква постапка каде што ќе имаше можност да се вклучи и јавна расправа и експерти. Ваквиот начин на носење на овој закон доведе до една ситуација да не можеме и она што партиите, дел од партиите од власта сметаат дека е добро да биде инкорпорирано. Имате направено и една голема грешка кои што самите сакавте да ја поправите околу 200 потписи кои што треба да се соберат во дијаспората. Значи, еден невиден пропуст, меѓутоа токму поради тоа не можеше сега да се поправи таа грешка да биде исто како што е во Република Македонија, така и во дијаспората. Значи, токму на ова укажувавме дека не е добра постапката на која што се носи овој закон и не дава можност да пратениците од останатите политички партии, не велам само од опозицијата, можеби и од власта има одредени политички партии кои што сакаат да интервенираат со конструктивни забелешки. Меѓутоа, што сум повеќе изненадена освен од оваа постапка. Не можам да сватам како може пратениците да бидат против департизацијата на изборниот процес. Се сеќавам само пред неколку години кога го осевме Изборниот законик со долги дискусии и договори меѓу партиите, со јавна расправа, со вклучување на експерти, со неколку трибини од кои што јасно произлегоа напатствија како треба да изгледа изборниот законик и многу корисни сугестии од овие трибини имавме. Сега наеднаш имаме изборен законик кој што ги скока сите овие, начинот на носење ги прескокнува сите овие процедури. На сето тоа наместо да одиме после укажувањата на меѓународните институции на департизација, ние и онаа департизација што ја имавме во изборниот законик, сега ја враќаме назад. Имаме комплетно партизирана Државната изборна комисија. И малку е тоа, повторно се враќаат партиските војници во избирачките одбори.

Втора работа е, навистина немаат аргументи пратениците од опозицијата да не убедат дека отворените листи не допринесуваат за демократијата. Почитувани колеги, секогаш сум се залагала и ќе се залагам кога се работи за враќање на достоинството и дигнитетот на Парламентот. Како ќе го вратиме, ако не, да им дадеме можност на граѓаните сами на отворени листи да имаат вистински избор и да го изберат оној кој што мислат дека најдобро ќе ги претставува во Парламентот на Република Македонија. А така со нефиксните листи ќе внесеме и демократија во партиите. Тогаш, кандидатите за пратеници и пратениците нема да бидат зависни од лидерот пред да бидат избрани или откога ќе бидат избрани, затоа што нема да се плашат дали ќе бидат кандидати на следните парламентарни избори, или нема да бидат кандидати. Тоа ќе го кажува народот, оние што работат, што ги исполнуваат барањата на оние кои што им ја дале довербата, тие повторно ќе бидат избрани. Меѓутоа, имаме невиден отпор и кон тоа. Навистина не можам да разберам зошто не сакаме сите заедно да работиме, да имаме поефикасен парламент.

Третата работа која што ја заговараше ЛДП, а која што видов дека наиде на најголем отпор меѓу пратениците за што навистина изразувам жалење и дури ајде за отпорот не толку, туку од желбата да се изврттат тезите и да се докаже нешто сосема друго што ние овде не сме го кажале, тоа е двојното државјанство. Не знам од што бегаме колеги пратеници. Нема потреба примерите на мешани бракови, дека сме биле една Југославија и сето тоа, па никој не им пречи на граѓаните на Република Македонија да имаат еден, два, три, и повеќе пасоши, или повеќе државјанства, ако сакаат. Говориме исклучиво за функционери. И повторно за македонската јавност ќе повторам. Значи, исклучиво ЛДП се залага дека лица со две државјанства не можат да бидат пратеници, министри, и претседател на држава. Тука застануваме. И не е точно дека треба да се пристапи прво кон отворање на Уставот. Да, бидејќи имаме таква постапка и таму ќе интервенираме за претседател. Но, сега почитувани колеги говориме за пратеници. И Ќе се сложите дека навистина не е добро пратениците да бидат тие што ќе им дадат пример на другите да имаат две државјанства. Нема оправдување ако тие што имаат две државјанства го прават тоа заради полесно да

патуваат, па сите наши граѓани сакаат полесно да патуваат. Дајте владеачкото мнозинство нека направи нешто повеќе за да конечно Македонија стане отворена држава, нашите млади луѓе да можат да патуваат, да ги видат искуствата од другите земји, да нучат нешто и да го пренесат овде. Наместо да отвориме вакви сериозни дебати, ние сето тоа сакаме да го сведеме дека некој прави политички маркетинг. Недостојно е и граѓаните на Република Македонија незаслужуваат така да бидат третирани.

Затоа ЛДП нема да го поддржи овој закон, нема да гласа и сметаме дека навистина во ништо нема да ја подобри ситуацијата на следните избори.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господинот Живко Пејковски, повелете.

**Живко Пејковски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана госпоѓо Роза Топузова Каревска

Парламентот го сочинуваат 120 пратеници кои што се застапени во 18 политички парламентарни партии. Ако на секоја пратеничка група, или на секој пратеник одделно ни текне своите желби да ги ставиме на лист хартија во вид на амандмани, тогаш сигурен сум дека ќе имаме илјадници вакви желби, што не е спорно. И затоа од една страна можеби да говорите на 4-та лидери во Клубот на пратеници се добри. Јас секогаш кога зборувам прво тргнувам од мене. Еве јас на пример ќе кажам дека и јас имам желба општината Прилеп да ја видам во петтата изборна единица, или Кривогаштани, или некои други изборни единици. Меѓутоа, каде е крајот. Колку од нас пратениците имаме по една, по три, или по повеќе желби, посебно политичките партии. Затоа благодарност до Демократската партија на Албанците за нивната конструктивност и повлекување на амандманите. Со сета почит спрема вас госпоѓо Топузова како ЛДП изјавивте дека нема да гласате за изборниот закон. Јас ве повикувам да го преиспитате вашето мислење, мислењето на вашата партија и вие да гласате за изборниот законик. Зошто го зборувам ова? Прво, и со вашето гласање вие заедно со нас пуштаме неколку јасни пораки. Првата е до јавноста во Република Македонија дека сепак, и покрај сите забелешки што ги имаат и што ги имаме пуштаме јасна порака до граѓаните на Македонија дека апсолутно секој има право да биде биран, да бира и да биде заштитен при изборите. Втора јасна порака до Европа и светот, дека заложба на сите ќе биде во иднина дека ќе се отстранат сите недостатоци кои биле пракса во минатото. Со заеднички напори ќе се упатат јасни сигнали до оние кои имаат намера да ги кршат избирачките права на граѓаните и самиот закон. И сосема на крајот ако само за еден ден, или два направиме покрупни промени во изборниот законик, тогаш не ви се чини дека ги потценуваме сите оние во 2006 година без разлика од која политичка партија биле, што работеле 4, или 6 месеци на овој Изборен закон. Не е фер без разлика за тие пратеници што работеле и тие комисии.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван колега, ако амандманите сте ги разбрале како желби, без разлика дали овие, или други, тогаш воопшто не сте ја разбрале пратеничката функција. Но, очигледно според овие државнички реплики кои што ги имавте се подготвувате за некоја повисока функција. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам претседателе.

Во теоријата на изборите има и еден израз кој што се вика геримендеринг, а тоа е кога изборните единици се кројат според политичките интереси, дневни, прагматични на луѓето од врвот, кои што ја имаат врвната политичка моќ. Ова што почитуваните колеги од ЛДП ни го предлагаат овие неколку дена за измените и дополнувањата на изборниот систем посебно делот за нефиксни избирачки места, има токму толкава тектонска моќ за пореметување на целата политичка клима и целиот политички систем на Република Македонија. Јас сметам дека тие навистина тоа свесно го прават. Толкава е тектонската моќ разорна на овие промени што ги нудат токму како што беше предлогот, за среќа повлечен, за редефинирање на изборните единици. Јас и вчера во репликата на почитуваната колешка и кажав, не ме чуди таквиот пристап на Либералдемократите, воедно не ме изненадува нивниот концепт. Со протежирањето на нефиксниот систем на избирање се врши метрополизација и на Парламентот. Зошто? Во изборната единица 1 или 2 од 40 пратеника јас претпоставувам дека 38 ќе бидат од Скопје по таа изборна алгебра, или по таа изборна математика. Во изборната единица 4 на пример ќе имаат големите подрачја, нормално Прилеп и Струмица.

Кога другпат ќе се случи во парламентот да има пратеници Демир Хисар, Демир Капија, од Виница, од Св. Николе, од Радуша, од Вевчани, од каде се не, што ќе ја разберете една на висина децентрализација и дисперзија на пратеничката моќ во Република Македонија. Значи, тој пак ќе нагласам условно земено метрополистички концепт, навистина сум апсолутно против тоа, заради тоа што доаѓам од средина во која што веројатно гласовите на прилепчани и на струмичани многу малку ќе дадат шанса да има некогаш пратеник од Дојран, Валандово или Гевгелија или општина Богданци.

Вториот сегмент за кој што сум исто така загрижен, почитуваната колешка е неверојатен принципиелен борец за правата на спротивниот пол на листите на пратеници и на листите на предложени избрани кандидати што со принципот на 30% претставнички на спротивниот пол во изборните органи. Со ова врзување за нефиксниот систем за гласање за избирачки

места навистина се рушат два основни принципа за кој што оваа земја знаете дека не така лесно ги извојува. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има госпоѓа Топузова Каревска Роза.

**Роза Топузова Каревска**: Благодарам претседателе.

Навистина сум изненадена од репликите на почитуваниот колега кој искрено го ценам и сметав дека има поголем демократски капацитет, меѓутоа не можам да се сложам со оглед на времето не можам да отворам дебата за овие две работи. Меѓутоа, прво не е точно колега, нормално е од првата изборна единица да бидат од Скопје, но не ви е точна тезата за останатите изборни единици дека нема да има од помалите градови. Па, колку гласачи имате во Гевгелија? Доволно да се избере пратеник. Значи, не можеме така да ги поставуваме работите. А, што се однесува до жените незнам не само вие, уште неколку колеги, мене тоа ме загрижува од каде вие знаете дека амблок гласачите нема да гласаат за жените. Можеби нема да гласаат за мажите, ајде така да ги поставиме работите, со што мажите се подобри пратеници од жените.

**Трајко Вељаноски:** Се согласуваме.

Збор има господин Трајанов Павле.

**Павле Трајанов;** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре.

Еве и јас сакав да се вклучам во оваа расправа. Прво, сметам дека е добро тоа што Министерството за правда пред да ја подготви конечната расправа одржа една расправа со учество на политичките партии и надвор од парламентот, меѓутоа, веројатно тоа што таму беше изнесено, имаше бројни предлози, имаше добри сугестии поради тоа што притискаа роковите за локални и претседателски избори не се вградени некои од забелешките. Сигурно дека ќе беше добро ако овој закон одеше во две фази, па сугестииите од пратениците,кои што се прифатливи и се во функција на тоа да биде подготвен закон кој што ќе ги елиминира изборните регуларности и тоа ќе беше добро, но веројатно од истите причини сега сме принудени со скратени рокови даго носиме овој закон. инаку, без разлика на тоа што не беа прифатени бројни амандмани кои што можеби ќе беа во функција да биде законот по прифатлив и во функција на подобра организација на спроведување на изборите. Но, мислам дека е добра шанса што се кажаа и некои работи уште се сугерираат, бидејќи верувам дека до парламентарните избори ќе имаме можност повторно да го менуваме овој закон, затоа што некои пробелми ќе се јават и за време на локалните и претседателските избори и ќе треба да ги надминуваме. Јас се залагав и тоа повторно го наглсувам, го афирмирам како потреба Република Македонија да биде една изборна единица со што сметам дека на тој начин парламентот ја одразува реалната определба на граѓаните на Република Македонија. меѓуота, засега по се изгледа дека нема услови да се прифати.

Натаму се залагам за целосна департизација или деполитизација на ДИК, избирачките одбори, затоа што сметам дека политичките партии не треба да имаат директно влијание на овој процес односно над оние што учествуваат во организирањето и спроведувањето на изборите, се разбира дека постои и ќе постои одговорност за тоа како ќе се одвива тој изборен процес. Така, тука посебно сакам да нагласам за заложбата која штои не беше прифатени при евентуални изборни нерегуланости, кршење на изборните закони, да се поврзе одговорноста и со лидерите на политичките партии и тоа да се предвидат строги казни доколку се одкаже врската со оние што ги прават инцидените и раководстватас на политичките Партии, дури да се предвидат одредби за суспендирање од политичката сцена на партијата за одредено време која што директно ќе биде инволвирана, се разбира тоа ќе се докаже дека е вклучена во кршење на изборните процеси. Сигурно дека има бројни и други укажувања со оглед на времето јас сакам да се осврнам на една тема која што ЛДП упорно ја форсираше овие денови околу двојните државјанства итн., што мислам дека не треба да се генерализира, бидејќи тоа е двојното државјанство кое во согласност со меѓународните конвенции и дека не треба ако ние имаме една лоша пракса, сега лоша состојба околу тоа кога наши државјани македонци се декларираат по корени дека се бугари и со тоа добиваат пасоши односно друго дражвјанство, таа работа е сосема за друга расправа, за осуда, но сосема друго е оние што имаат двојно државјанство по основ на природување бидејќи се деца на мешани бракови итн.

Во оваа насока господинот Јован Мансијевски во два наврата ме прозва дали јас чувствувам одговорност или се срамам затоа што Љубчо Георгиевски имал бугарски пасош. Сакам да му одговарам дека секој си одговара за своите постапки и тоа што го направил господинот Љубчо Георгиевски е негова работа, негова определба и за тоа ќе судат граѓаните, бидејќи нема друг вид на одговорност освен политички евентуално да не добие подршка итн. Но, биодејќи не е тука не сакам околу тоа да отворам расправа, меѓуота сакам да го прашам и Јован Манасијевски и ЛДП дали чувствува одговорност, дали чувствува малку срам или пак благодарност за тоа што токму ВМРО ДПМНЕ и кога беќе Љубчо Георгиевски на чело во 1996 усеаја да имаат свој градоначалник на градот Скопје господинот Ристо Пенов, да се етаблираат како политичка партија, скоро цела партија да биде вработенво градот, јавните претпријатија итн. Дали чувствува одговорност, дали срамат или се благодарни што 1998 година и покрај тоа што ги изгубија парламентарните избори ВМРО ДПМНЕ и Љубчо Георгиевски ги вклучи во Владата. Е, сега да не ја шириме расправата, вакви прашања може многу да се поставуваат, јас секогаш се

обидувам кога настапуваме во парламентот да го сочуваме дигнитетот. Меѓутоа господинот Мансијевски упорно прашуваше и сакам и да му одговорам дека не чувствувам никаква одговорност и воедно да му поставам дополнително пршање.

На крај сакам да укажам дека  овој закон е сигурно подбар од претходниот закон, дека во голема мера ќе ги стесни можностите за изборни нерегуларности за кршење на законите , но пред се јас сум сигурен дека ако политичките партии се за фер мирни и демократски избори дека и така ќе се одвиваат, дека нема инструмент дека нема закон што може да ги спречи сите тие непредвидливи ситуации кои можат да се случат на изборите. Но, треба да се надеваме дека следните избори ќе бидат организирани во скандинавски стил дека Република Македонија нема да биде земја која ќе биде посочувана дека овде има проблеми при секои изборни процеси. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор е пријавен господинот Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Ви благодарам госпоѓо потпретседател.

Би сакал да го изкажам својот личен став по однос на предлогот за донесува по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик.

Прво, да изразам задоволство за тоа што се работи за усогласен текст помеѓу четирите најголеми и најрелеванти политички партии во Република Македонија што во повеќе наврати што еве конечно и со овој закони покажува дека и политичкиот дијалог и политичкото разбирање во Република Македонија функционира, што е од особено значајно не само заради тоа што ние е наметнат критериум од страна на Европската унија туку воопшто заради тоа што тоа покажува една демократска зрелост односно начин на кој што комуницираат политичките партии. Сметам дека е суштински добро за вака значајни работи како што е Изборен законик од кој што се засегнати сите политички партии да имаат ваков дијалог и понатаму, да ги спротивставуваме своите тези и на крај заеднички да се обидуваме да дојдеме до заеднички заклучоци. Секако, секогаш има различни мислења, секогаш има едни иили други ставови, но на крајот е битно да имаме усогласени ставови како што имаме сега. Во таа насока сметам дека она што беше детектирано како слабост на претходниот Изборен законик, ние сега  се обидуваме да го решиме и ќе го повторам она што го зборувава вчера за еден амандман, а тоа е дека особено и со овој Изборен законик и воопшто во политиката се бира она што е возможно од возможните решенија, а не се бираат желбите, идеалите, проекциите итн. Убаво е тие да постојат како такви заради тоа е тоа кон кое што се стремиме. Но овој Изборен закони помеѓу другото треба да послужи и за избори кои што треба да се случат за 6 месеци, избори кои што се и локални и претседателски, избори кои што ќе бидат под силен мониторинг на меѓународната заедница, кои ќе се критериум за нашето понатамошно унапредување кон Европската унија, но исто така избори кои се вонредно значајни за нас, заради тоа што ќе треба да се изберат нови градоначалници, локални општински совети кои што треба соодветно да работат во интерес на граѓаните и секако треба да избереме претседател на Република Македонија, можеби ќе го избереме постојнилов, можеби некој друг, ќе видиме тоа ќе го покажат наредните избори.

Тука уште една работа би сакал да кажам, а тоа е дека ја поздравувам измената во составот на ДИК, заради тоа што и кога го разговаравме ова додека ВМРО ДПМНЕ беше во опозиција, нашата идеја беше опозицијата која што реална има помала можност за влиајние, за политичко влијание во општеството, заради тоа што е нели опозиција, да го има првиот човек на ДИК за да може соодветно да ги надбљудува процесто на одвивање на изборите и согласно на тоа да преземе дел од одговорноста за одржувањето на тие избори, такашто е одлично да имаме вакво решение. А исто така би сакал да го поздравам иплементирањето на пораките од страна на ОБСЕ и ОДИХР за составот на општинските изборни комисии на избирачките места. Мислам дека тоа ќе значи мотив плус за сите нас да имаме подобро организирани избори. Иако, ќе го повторам она што го кажав вчера, а тоа е фер изборите зависта пред се и најмногу од политичката волја на политичките субјекти да бидат такви. Ниедна правна регулатива, ниедна комисија, ниеден орган не може да ја створи политичката волја кај политичките субјекти, сепак за жал или за среќа тоа останува на политичките субјекти.

На крајот би сакал уште две работи да кажам. Првата е околу дијаспората.  Радосен сум што македонците што живеат надвор од границите на Република Македонија ќе имаат можност да гласаат на наредните парламентарни избори. Тоа е добро од многу причини. Прво е добро што таа дијаспора е живо врзана за состојбите во Република Македонија. да потсетам  само дека значаен дел од средствата кои што влегуваат како девизи во  Република Македонија се дознаки кои ги испраШаат нашите иселеници во странство, тоа помеѓу другото на некој  начин го намалува и дефицитот во платниот биланс и овозможува значаен дел на средствата да се трошат во Република Македонија од страна на луѓето кои живеат овде кои што им се некоја фамилија, роднини, пријатели итн. Исто така она што е значајно за дијаспората е дека ние имаме различни видови на дијаспора. Имаме значаен дел на дијаспора која што е политичка, без разлика дали таа дијаспора заминала од територијата на географска Македонија помеѓу двете светски војни од политички причини заради тоа што била прогонувана од Грција, БУгарија и Србија кои што имале соодветни делови од

Македонија или заминала после 1945 година како резултат на репресиите на социјалистичкиот режим кој што беше апсолутно непријателски расположен кон сите кои што имаа поинакво размислување. Добро таа дијаспора односно таа емиграција сега да го искаже својот став стотици илјади луѓе кои живеат надвор од границите на Република Македонија , дополнителен факт кој што треба да се поздрави дека се вонредно добро организирани не само како заедници, туку и политички ќе може јасно да го формираат својот став. Среќен сум што успеавме да постигнеме согласност.

На крај по однос на предлогот на ВМРО ДПМНЕ за загарантираните места на етничките заедници на деловите на народи односно на етничките заедници кои што се под 10% од жителите во Република Македонија, би сакал да кажам дека ние апсолутно  остануваме на оваа наша заложба. Ние се залагавме за ова во претходниот парламентарен состав, се залагаме и во овој и се надеваме дека преку една конструктивна дискусија, преку еден конструктивне разговор со најмоќните политички субјекти во Република Македонија ќе успееме да се избориме и за ова, со тоа што ќе е најдобра начин да овозможиме претставеност на етничките заедници односно деловите на народи кои што се под 10%.Во благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен пратеник Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателке.

Јас сакам да реплицирам во еден дел. ДИК, составот на ДИК, но пред се на претседателот на ДИК да биде предлог од страна на опозицијата беше наметната од господинот Никола Груевски како во 2006 година во март како претседателот на ВМРО ДПМНЕ на лидерските средби тогаш со господинот Бучковски. Се сеќавам јас бев пратеник тогаш кога ВМРО ДПМНЕ го напушти Собранието додека тоа не се исполни како обрвска. За жал, ова решение не е ново, туку е решение кое што постоеше и во 2008 година, но тогаш Александар Николовски како пратеник и целата пратеничка група на ВМРО ДПМНЕ не сакаше нити да разговара дента кога се распушташе претходниот состав на парламентот за  да се овозожи законската можност претседателот на ДИК да биде предложен од опозицијата. Така што сега после само 4 месеци мислиме дека е добро решение, еве да го прифатиме како добро решение, ама тоа решение беше законско и во април 2008 година кога Груевски бегајќи од тоа дека се согласил за промена на името пред Самитот во Букурешт, Република Македонија (Скопје), кој што цела Македонија ја виде преку изјавата на Лазар Еленовски, блискиот соработник и тогашен министер за одбрана, се распишаа набрзина во договор  со ДУИ, за да може ДУИ да влезе во власта заедно со ВМРО ДПМНЕ предвремени избори, ама тогаш законската можност претседателот на ДИК, кои постоеја во законот, бидејќи се уште не сме го измениле да е од опозицијата , не беше добро решение. Тогаш, за жал , не беше добро решение ниту законската обрвска за медиумско претставување што Собранието мораше да го донесе, бидејќи на ВМРО ДПМНЕ и на ДУИ им се брзаше, пред се на Груевски да го сокрие она што го договорил пред Самитот во Букурешт. За жал, случајно или не двајца директори или сопственици на две телевизии влегоа во коалиција и знаеме мораше и  ОБСЕ да интервенира тие поклони што ги добиваа од две телевизиски куќи да можат да бидат регулирани, делумно се регулирани со овој закон. Затоа, да бидеме доследни и принципиелни и да кажеме дека претседателот на ДИК треба да е предлог од опозицијата и во досегашното решние беше и  ова не е ништо ново што сега се случува. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодрам и јас.

За контра реплика е пријавен пратеникот Николовски Александар, повелете.

**Александар Николоски:** Ви благодарам.

Јас истото го кажав дека кога се воведуваше ова правило во 2006 година, тогаш јас не бев член на Парламентот, бев член на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ каде што сме ги дискутирале овие работи, сум запознат, таа беше идеата, но тоа што е факт е дека согласно со тоа решение што постоеше во тој момент, доколку се постапеше онака како што тогаш предлагаше опозицијата пред предвремените избори 2008 година, практично ќе се случеше да опозицијата има и мнозинство во составот на Државна изборна комисија и претседател, заради тоа што тогашниот предлог беше претседател на Државна изборна комисија, госпоѓа Јосифовска да си поднесе оставка и да еден од членовите во Државна изборна комисија биде избран за претседател. Со постојново решение факт е дека опозицијата ќе има претседател, но факт е дека мнозинството ќе има мнозинство таму, што ќе направи еден баланс во работата на Државна изборна комисија.

Сметам дека е добро, уште пет секунди се извинувам, и сметам дека не е ништо лошо ако и понатаму продолжиме да дискутираме и заеднички да ги пронаоѓаме слабостите. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор е пријавен господин Васко Шутаров, но бидејќи не е присутен во салата го губи правото за збор.

Понатаму, за збор е пријавена госпоѓа Шекеринска Радмила, но бидејќи не е присутен во салата го губи правото за збор.

Следен пријавен за збор е господиниот Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам потпретседателке,

Беа аргументирани многу ставови во текот на дискусијата, не одземајќи го времето, бидејќи од

прилика се искажани ставовите на политичките партии. Мислам дека е добра работа што со еден минимум консензус се успева да се дојде до заеднички став во односно на вака значајно прашање како што е Изборниот законик и тоа го сметам за демократска придобивка. Респетирајќи ги ставовите и на оние колеги критичари на одредени решенија во законот, мислам дека сепак објективните услови понекогаш ја диктираат она што е реална ситуација и затоа СДСМ ќе се придржува на она што е договорено и ќе гласа за овој Изборниот законик. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Следен за говор е пријавен пратеникот Димовски Илија, но бидејќи не е присутен во салата го губи правото за збор.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно член 62 став 5 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Согласно член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, во делот што се однесува на локалните избори, овој закон се донесува и со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да го ставам предлогот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Седницата продолжи да ја води претседателот на Собранието Трајко Вељаноски)

**Трајко Вељаноски:** Со оглед на тоа дека нема да има доволно пратеници, можеме да дадеме 15 минути пауза и да се соберат доволен број на пратеници за да се изгласа, сепак важен и битен закон со поголем број на гласови.

Прекинуваме, продолжуваме во 17,00 часот.

(По паузата седницата продолжи да работи во 17,10 часот)

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 91 пратеник. Од нив за Предлогот на законот гласаа 85 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 6 пратеници.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на зедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по делот што се однесува на локалните избори.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 18 пратеници. Од нив по делот што се однесува на локалните избор за гласаа 16 пратеници, воздржани нема никој, против гласаа 2 пратенка.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Пред да продолжам понатаму процедурално бара господинот Бајрам Амди, повелете.

**Амди Бајрам:** Почитуван претседателе, почитувани претставници од Владата и колеги,

Би сакал околку моето гласање против Законот, зошто сум гласал, сакам да се изјаснам.

Затоа што сите знаете дека ние, петте заедници бевме ставени, што требаше и за нас да се донесе закон за загарантирани места, туку беа против тоа и затоа не го подржувам и гласам притив. Благодарам.

(Реакции од салата во смисла дека ова се однесува на претходната точка што е завршена)

**Трајко Вељаноски:** Во ред, благодарам.

Продолжуваме понатаму.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предалгачот и пратенците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлука да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавиа господиниот Манасијевски Јован, министерот за одбрана, господиниот Догани Бесим, господинот Џафери Талат и господинот Ѓорчев Владимир.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Согласно стратешките определби на Владата, сигурен сум и на Собранието и на сите пратенички групи, се работи за испраќање на единица на Арамијата на Република Македонија медицински тим со состав двајца лекари офицери, еден офицер за логистика, тројца медицински техничари подофицири, две цивилни лица на служба во Арамијата медицински техничари, двајца возачи на санитетски возила професионални војници за период од 6 месеци, сметано од почеток на месец ноември 2008 година за учество во Мировната операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР Алтеа.

Сакам да спомам дека финансиските трошоци за транспорт, сместување, исхрана, гориво, медицински материјали, плати и надоместоци на плати на учесниците на мировната операција, како и други предвидени расходи паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија, а одговорен за подготовките на единиците на Армијата е Министерството за одбрана, односно Генерал Штабот на Армијата на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван господине министре,

Како и секогаш до сега пратеничката група на ЛДП ќе даде целосна подршка на оваа одлука. Меѓутоа, сметам дека ова е добра можност пред Собранието да дадете пошироки образложенија за натамошното учество на Република Македонија во рамките на заедничката европска безбедносна и обрамбена политика.

Имено, и на европската, како и на македонската јавност и е познато дека пред неполн месец на неформалниот состанок на министрите за одбрана на Европската унија во Довил, беше донесен заклучок да Мисијата Алетеа влезе во завршна фаза т.е. веќе да започнат подготовките за нејзино завршување, бидејќи проценка е дека ситуацијата во Република Босна и Херцеговина веќе има постигнато ново каде што воена мисија од ваков обем и ваков тип веќе не е потребна.

Оттаму, најверојатно ова ќе биде и последна ротација на Армијата на Република Македонија. Ние, со Одлуката што ја донесовме за учество уште во 2006 година и што јас имав чест како тогашен министер за одбрана да ја потпишам со господинот Солана, можеме да бидеме апсолутно задоволни со спроведувањето на оваа одлука и нашата партиципација во еворпската заедничка безбедносна и одбранбена политика. Меѓутоа, не очекуваат и натамошни предизвици.

Европската унија има неколку активни мисии, меѓу кои една од најголемите е во Чад, Африка, и колку што се моите сознанија Европската унија веќе има барање кон Република Македонија за подготовка и учество на наш контингент во обем и карактер што секако ќе биде испреговаран и договорен од надлежните органи за наше учество во мисијата во Чад.

Би ве замолил господине министре, бидејќи Собранието ја носи одлуката, навремено да го информирате Собранието за ваквите планови, како би можеле да се вклучиме и да помогнеме во овој процес, затоа што не е најпријатно. Во една таква ситуација се најдовме јас и пратеникот Адеми пред извесно време, на еден официјален состанок на Парламентарното собрание на Западно европската унија кога требаше да презентираме официјален став на Република Македонија во однос на ова прашање. Така што, добро е пратениците да бидат во тек и мислам дека овие точки што се на дневен ред на Собранието се идеална можност да вие, како министер за одбрана ги предочите натамошните планови на Владата.

Оттаму, би ве молел, да го презентирате официјалниот став на Владата или ако го нема Владата на Министерството за одбрана, какви се натамошните планови на Република Македонија за натамошна партиципација во еворпската заедничка безбедносна и одбранбена политика преку наше учество во соодветните мисии во Европската унија.

Сакам да укажам на тоа дека нашиот пат кој Европската унија е неповратен процес и дека во рамките на тие заложби Република Македонија треба да има соодветни вложувања, соодветна партиципација и оттаму сакам да знаете и целата македонска јавност дека ја имате подршката за натамошно учество на Република Македонија во мисиите на европската безбедносна и одбранбена политика.

Меѓутоа, тоа мора да биде добро осмислено, добро испланирано и презентирано пред Парламентот на време како би можеле и ние, како пратеници, во рамките на борбата на нашите национални и државни интереси би можеле да го користиме овој аргумент поефиксано на сите форуми на кои учествуваме: Парламентарното собрание на НАТО, Парламентарното собрание на Западноевропската унија, Парламентарното собрние на ОБСЕ. Тоа е наши добри аргументи преку кои го изразуваме нашето учество, нашиот придонес на една мала земја во европската безбедносна и одбранбена политика. На тој начин јакнат и нашите вкупни позиции, визави, другите проблеми што ги имаме на меѓународната сцена.

Би ве замолил, во функција на подобра презентација на заедничката државна политика на времено да бидеме информирани како пратеници за плановите на Владата. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Догани Бесим, повелете.

**Бесим Догани:** Благодарам господине претседателе.

За разлика од претходниот говорник нема да должам многу, само уште еднаш ќе повторам тоа што е принцип на ДПА и нејзиното политичко делување.

Знаете дека и во минатиот мандат, исто како и во овој, ние сме подржувачи на опцијата што е единствен пат за Република Македонија кон НАТО и Европската унија. Во оваа насока чувствувам исклучително задоволство што Република Македонија повторно силно се навраќа на патот кон НАТО, на соработката со Алијансата, со структурите на НАТО. Затоа што за жал, во еден минат период многу често се слушаат гласови, посебно во макодонските кулоари дека Македонија треба да се повлече драстично од соработката со НАТО и од европските воени алијанси.

Се радувам што ова не се случи. Се радувам што Македонија продолжува со нејзиниот придонес во зачувувањето на општиот мир било да е во Европа или пошироко.

Се согласувам со делот каде вели дека ние како пратеници, посебно оние што се посебно заинтересирани за соработка со НАТО и Северноатланската алијанса, да имаме повеќе информации во однос на одлуките што ги донесува Владата. Се согласувам и со тоа

извештаите на крајот од мисиите да бидат дадени од соодветното министерство односно Владата и тие извештаи да бидат посеопфатни, да бидат подетални.

Меѓутоа, без оглед на сите пропусти што можат да се појават уште еднаш потврдува дека ДПА стои силно кон тоа да Македонија е на патот кон НАТО и го подржуваме тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Џафери Талат, повелете.

**Талат Џафери:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван министер, почитувани пратеници,

Уште на почетокот сакам да истакнам дека ДУИ, со актот за основање на ДУИ во 2002 година и до сега има стратешка определба за нејзино ангажирање во создавањето на условите и околностите за достигнување на стандардите за зачленување на Република Македонија во НАТО и Европската унија.

Во контекст на оваа програмска определба и политичка определба на ДУИ, со подршка на граѓаните на Република Македонија кои се 80% за ваквите определби, ние остануваме доследни да мисиите на Република Македонија во евроатланските структури и во оваа форма на учество во нашиот придонес за приближување на Република Македонија кон овие структури и ја подржуваме оваа предлог одлука на Министерството за одбрана со фактот дека претставувањето и застапувањето наше таму да не биде само од аспетк колку да бидеме присутни. Туку, квалитетот на нашето претставувањет и вршење на должностите во соодветните мисии да биде на потребното ниво, така како што и претходните мисии ја потврдиле нивната одлучност и претставувањето што тие го правеле.

За жал, денеска говориме за една мисија што во помнењето на граѓаните на Република Македонија ќе остане со несреќата на едната Мисија што се враќаше по успешно завршената Мисија и во овој случај и во мое име сакам уште еднаш сакам да изразам сочуство на семејствата кои ги изгубија своите блиски на оваа Мисија, со надеж дека тоа ќе биде последната несреќа што им се случила на претставниците на Република Македонија во мисиите во странство.

Затоа, сакајќи уште еднаш да истакнам дека остануваме доследни кон нашата стратешка определба како политичка партија дека сме определени за зачленување на Македонија во НАТО и Европската унија, ќе го подржиме барањето на Министерството за одбрана за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија во мисијата Алтеа во Босна и Херцеговина.

Уште еднаш го бараме тоа што го бараа и другите говорници да за плановите што следат во новите мисии што не очекуваат да имаме потребни информации преку Матичната комисија во Парламентот за одбрана и безбедност. Тие сознанија што ќе ги добиеме од Владата, од соодветното Министерството да можат да ни послужат и нам кои учествуваме во различни делегации надвор од земјата.

Како шеф на делегацијата за соработка на Парламентарниот совет на НАТО сакам да истакнам во таа насока за многуте контакти што ги имаме во странство, многуте посети што ги имаме во соодветните институции, поради што уште еднаш го истакнувм барањето што го направија и Догани и Мансијевски да потребните информации ги имаме во потребното време за да можеме да се однесуваме во согласнот со плановите што ги имаме како институција. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Ѓорчев Владимир, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Мојата дискусија ќе биде на линија на досегашните дискусии од претходните дискутанти, а таа се однесува на подршката на она што го имаме во моментов како предлог, а тоа е Предлог-одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија во меѓународна мисија.

Тоа што може да се каже е следно, дека македонските војници во овие меѓународни мисии, со висок професионализам ги завршуваат своите задачи, дека нивната улога е високо ценета и од НАТО структурите и од другите сојузнички армии со кои што тие заедно служат и секојдневно работат во камповите. Дека постојано се ангажирани во обезбедување на теренот и во обезбедувањето на Главниот Штаб на сојузничките сили во Авганистан. Истото важи и за базата што е северно од Багдат, во градот Таџи. Истите оценки ги добиваме и за Босна и Херцеговина.

Тоа што исто би сакал да кажам е дека сите мораме да бидеме свесни за ризиците, дека овие меѓународни мисии содржат ризици што се присутни, што во Авганистан се зголемуваат, но ризици за кои што се надеваме дека ќе бидат пресретнати од професионализмот на нашите војници, од нивната добра обученост и нивната внимателност.

Исто така во оваа прилика би сакал да изразам и една јавна пофалба тоа се однесува и на минстерот и на неговиот тим и на луѓето кои раководат со нашите единици во чија што професионалнот и вештина имав прилика повеќе пати да се запознам, да ги видам од прва рака, така што оценките што тие ги добиваат од нивните колеги навистина се искрени, секојдневни и оценки што се базираат на конкретни работи што тие ги имат превземено и спроведено.

Значи, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе гласа зо овој предлог. Се надеваме дека ќе ја добиеме подршката, дека заеднички како и до сега ќе гласаме сите во ова Собрание, независно од односите позиција-опозиција, Македонци -

Албанци или помали етнички заедници, власт-опозиција, леви или десни. Се работи за долгорочен интерес на Република Македонија и се работи за мисии кои што македонските војници апсолутно ги почитуваат правилата на војувањето, женевските конвенции и сите други конвенции. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Пратеничката група на СДСМ ги подржува овие одлуки за испраќање на единици на АРМ во учество на мировни операции, секогаш кога се наоѓаат овде во Собранието, кога одлучуваме за тоа.

Патот на Македонија кон Европа и кон членството во НАТО има свои одлуки кои од аспект на одговорност ни стојат на нас во Собранието, а учеството во мировните мисии е една од тие одлуки што ги носиме и мислам дека Собранието е вистинско место каде треба да поразговараме за тоа и да ја дадеме подршката, а не тоа, како што со Законот за одбрана, за жал, се донесе , Владата да биде во ситуација да одлучува. Одговорноста е поголема особено што чувањето на мирот е во нашето блиско соседство и учеството на Македонија во мировната мисија во БИХ, под закрила или под чадорот на Европската унија е исклучително значајно за нашата европска перспектива.

Ја даваме и овој пат поддршката, но сакам да нагласам три работи.

За жал, и оваа одлука што треба да ја донесеме ја носиме по итна постапка, ја носиме само два дена пред да започне или да замине овој состав на припадници од единицата на АРМ, веројатно кои се подготвуваат многу време и тука нема дилема.

Јас ќе се согласам дека нашите припадници се високо професионални и нивната активност се цени од сите и за тоа гледам добиваат и највисоки ордени и признанија од САД, од НАТО структурите, но сметам дека односот на Министерството за одбрана не е соодветно кон нив, а покажува јавашлук и кон Собранието и тоа е една слика за односот на ова Министерство, што мислев ќе се промени после господинот Еленовски, но за жал ја добивме истата ситуација. По итна постапка, само два дена пред да замине мисијата со едно апсолутно штуро објаснување што требаше, тоа што господинот Ѓорчев го зборуваше, да го каже господинот Коњановски. Но за жал господинот Ѓорчев тоа што не го направи, на Комисијата за одбрана и безбедност, пред некој ден навечер, го направи сега. Но, тоа е поинаков однос, не само пратениците, не само јавноста, туку пред се нашите мировници заслужуваат, од страна на соодветното Министерство.

Се разбира не може а да не се спомне она што постојано го зборуваме. Секогаш носејќи ги по итна постапка, каде даваме апсолутна поддршка сите пратенички групи, на нас извештај за мировните мисии ни фали, не само за оваа мировна мисија, туку за сите мировни мисии, ние како Собрание кои ја носиме одлуката за испраќање на нашите мировници во светот, мислам, не само што е законска обврска и ја пишува во одлука, туку ни треба да ја имаме за да можеме да зборуваме, да отвориме една дебата и да видиме во која ситуација се наоѓаме како Република Македонија.

Се разбира, за жал, и она што господинот Талат Џафери го спомна, Република Македонија остана ускратена, пред се семејството на загинатите, што се случи со трагичниот настан и хелихоптерската несреќа во јануари 2008 година. Ние имаме обврска тој извештај да го разгледаме овде во Собранието, како Извештај кој ќе го достави Владата до Собрание, за да не се шпекулира после толку месеци, што точно се случи и зошто, за жал, изгубивме човечки животи од нашите приапдници, од нашите мировници. Ние како опозиција тогаш во јануари апсолутно не сакавме да ја злоупотребиме таа ситуација, но мислам дека после 10 месеци заслужува јавноста, но пред се фамилиите на нашите мировници кои за жал загинаа во јануари 2008 година, да ја дознаат вистината и шпекулациите да се заменат со една вистинска информација, една вистинска слика која, за жал, во овој момент ја нема.

Ние носиме одговорност со самото тоа што ги испраќаме нашите мировници секаде во светот, но затоа кога ја носиме таа одговорност, таа одговорност мора да ја сподели и Владата со достоен извештај, со достојна информација, со релевантни информации да бидат сите овие одлуки тука пропратени кои што секогаш добиваат поддршка од пратеничките групи. Очекував таа пракса да се промени, но за жал тој јавашлук од страна на Министерството за одбрана продолжува и понатаму. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Само една информација, во однос на таа инфорамција што Владата требаше да ни ја достави, за хелихоптерската несреќа.

Знаете дека беше ставена по барање на пратеник. Мислам дека Владата имаше дебата по тоа и кажа дека за две недели ќе достави инфорамција.

Јас можам да ветам, штом ја добијам информацијата од Владата, веднаш ќе ја продолжиме таа седница за да дебатираме по информацијата што ќе ја добиеме од Владата.

Продолжуваме понатаму.

Бидејќи е исрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници, за Предлогот на одлуката гласаа сите 76 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за испраќање единица на Армијата на Република Македонија, медицински тим, за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на одлука за објавување на јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на лични податоци.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на одлуката, да се пријават за збор.

Бидејки нема пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за предлогот на одлуката гласаа сите 65 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собраниетоја донесе Одлуката за објавување на јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Тука ја прекинувам седницата.

Сега ги повикувам координаторите и потпретседателите на кратка координација во Охридската сала.

Со седницата продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,39 часот)